**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од од Четвртото продолжение на Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 октомври 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 81-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов-Ѕинго, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Трифун Костовски, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Коце Трајановски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Мендух Тачи, Ванчо Георгиев и Слободан Чашуле, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

На листата е пријавена прва госпоѓа Ристова, а потоа нека се подготвки пратеникот Јанаќе Витановски.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Благодрам господине претседател, почитувани колеги и колешки пратеници,

Како што вчера најавив, сакам да го соопштам ставот на Пратеничката група на СДСМ во врска со првата фаза на Законот за изменување на Законот за пратеници. Токму заради фаќањето на предлагачите на овој закон оди во две фази, пратеничката група на СДСМ ќе гласа во оваа фаза за предлогот да оди не затоа што прашањето односно интервенцијата во постојниот закон за избор на пратеници е од обемен карактер, меѓутоа, од причини што се работи за интервенција која има

сложен карактер кој отвора бројни прашања и дилеми, како што и самиот предлагач односно претставникот најави дека треба да бидат консултирани и пратеничките групи односно политичките партии и да се дде простор во повеќе фазноста да се отвори расправа во општата и стручната јавност и секако да се видат споредбените искуства.

Впрочем, во нашата пратеничка група кога имавме координација во врска со овој предлог се пројавија, а верувам и сега во расправата, ќе се пројават различни видувања и затоа, како што реков, клучното е во нашата поддршка што ќе се даде можност за тие различни мислења да дојдат до израз и не толку да се поддржи самото конкретно решение колку што врз основа на таа расправа да се даде можност и да се види дали тоа конкретно решение што се предлага од предлагачите е прифатливо или да се изнајде некое подобро решение за самата интервенција во Законот.

Секако тука многу значајно, всушност клучното е фактот што за ова прашање постои иницијатива пред Уставниот суд на Република Македонија и се дава можност во меѓувреме и Уставниот суд се изјасни дали се работи, пред се, за Уставна материја и дали релевантните уставни одредби всушност упатуваат на вакво или онакво решение во врска со конкртниот предлог.

Упатно е во оваа фаза кога практично треба да ја утврдиме потребата да ги оценуваме состојбите, да се отвори расправа и размена на мислења во врска со споменатите дилеми и прашања кои се поставуваат затоа што во сегашната дискусија јас ќе се задржам на некоку од нив, верувам дека и другите пратеници ќе отворат, можеби, дополнителни прашања и дилеми.

Независно од уставноста или неуставноста на сегашното законско решение кое практично со предлогот се напаѓа или она што предлагачот го предлага, ако ги тргнеме тие аспекти на страна,  во Парламентот практично во политичкиот живот имаме ситуација кога во 4-годишнот мандат на Парламентот се случува во една пратеничка група да настане една дисфункционалност односно пратеничката група се дели на две групи од кои едната сака да истапи од пратеничката група, но во тоа ја спречува законското решение со кое пратеникот не може да ја промени, во текот на мандатот, својата партија или да истапи од својата партија и да премине друга.

Сега, ако смислата на тоа законско решение, како што реков изолирано само од себе, е да обезбеди стабилност и функционалност на пратеничките групи во 4-годишниот мандат, дали непризнавањето односно игнорирањето на таа нова реалност всушност ќе доведе до уште поголема дисфункционалност. Значи,

практично дали е добро ако го гледаме, како што реков изолирано и како прашање од законодавна политика дали е добро да се игнорира таа нова реалност.

Секако другото прашање кое се наметнува, пак ќе повторам изолирано од уставните аспекти, е дали постојното позитивно законско решение што го имаме се однесува односно ја опфаќа сегашната ситуација.

Имено, решението се однесува за индивидуални пратеници. Меѓутоа, сега сите пратеници што сега ги имаме во групата која практично би сакала да истапи од пратеничката група можеме да ги третираме како индивидуи, меѓутоа мора да ризнаеме дека сегашната ситуација има подруг квалитет односно групана динамика. Значи, не станува збор за икс ипсилон пратеникот сака да стане независен, другиот икс ипсилон сака да стане независен, другиот икс ипсилон, сака да стане независен или да премине во друга партија, туку станува збор за една група која сака да се издвои во посебна пратеничка група.

Значи прашањето е повторно дали законското решение се однесува и на ваквите ситуации односно дали законодавецот кога го носел тоа законско решение ги предвидел и ваквите групни ситуации, ситуации на групна динамика кои се различни од индивидуалното отстапување на пратениците.

Дека станува збор за занемарлив случај само ќе спомнам дека не се работи за 2-3 пратеника, туку се работи за број на пратеници кои по својата бројност го надминуваат она што претставува сегашен важечки стандард за формирање пратеничка група. Според сегашните правила стандардот е 5 пратеника во Собранието да формираат, ако зборуваме според нормална, редовна процедура, формираат пратеничка група. Значи, не станува збор за случај на дисфункционалност и на група која како таква може да се игнорира.

Суштината на дилемата е дали законското решение ја опфаќа постојната ситуација и кое е замислено да биде во функција на стабилност и функционалност на пратеничките групи во оваа ситуација, доколку се игнорира, да се направи законска интрвенција, би довело до уште поголема дисфункционалнот, бидејќи практично е реалност која ни се создаде и со која се соочуваме.

Значи, тоа е можеби наједноставната дилема ако ги отстраниме сите други аспекти кои ги имаме. Ако тоа го тргнеме на страна, тогаш ни доаѓаат посложените прашања и кои верувам дека преку иницијативата на Уставниот суд ќе треба да ги гледа.

Вчера предлагачот преку својот претставник изнесе низа уставни одредби врз основа на кои се повикува напаѓајќи го постојното законско решение како неуставно.

Пред се, главниот акцент беше ставен на тоа дека пратеникот е самостоен, слободен како преставник на граѓаните во своето одлучување во Собранието односно одлучува по својата совест и уверување. Тоа беше клучниот аргумент иако всушност беа спомнувани и другите уставни одредби.

Без оглед дали уставотворецот ќе го утврди ова како уставна материја, сепак и кога би се префрлила топката дека станува збор за наша законодавна надлежност односно прашање на законодавна политика секако и ние би требало да се впуштиме во размислувањето колку ова решение што сега го имаме или што се напѓа практично е во согланост со Уставот. За нас е легитимна дебатата околу уставноста и веднаш се наметнува прашањето дали оваа одредба за пратеникот како институција можеме да ја гледаме изолирано од сите други уставни рамковни одредби за Парламентот, за парламентаризмот односно Парламентарната демократија во Република Македонија.

Сега нема да ги цитирам поединечните уставни одредби, меѓутоа, во принцип македонскиот устав ни ја дава следната рамка. Потоа ќе треба да ги доведеме во врска, а главната поента е дали тие одредби за пратеникот можеме да ги гледаме изолирано од другите уставни одредби.

Имено, Македонија, според Уставот, е Парламентарна демократија во која Парламентот е истовремено и претставнички орган на граѓаните на Република Македонија и носител на законодавната власт во државата. Парламентот се конституира, според Уставот, на општи, непосредни и тајни избори. Уставот дава простор изборниот модел да се утврди со закон, прашање на законодавна-политика е дали ќе определите мнозински, пропорционален или комбиниран систем, меѓутоа, во било која од варинатите на изборен систем односно како доаѓаат персоналните состави на Парламентот по пат на избори со сите закони, со сите модели на изборни системи, сега кај нас важечки е пропорционаниот.Секогаш клучен субјект во предлагањето на кандидатите за пратеници се политичките партии. Тука треба да се земе во рамките на големата слика.

Значи, политичките партии ги предлагаат заедно со изборна платформа кандидати за пратеници, тие се избираат во Парламентот. Потоа посредно или непосредо низ други уставни одредби можеме да видиме како функционира внарешноста на работата на Парламентот во смисла на конституирање на пратенички групи, на Парламентарни коалиции, Парламентарно мнозинство кое ја формира и поддржува во принцип Владата и претставува нејзина гласачка машина, од друга страна имате парламентарни партии кои се опозиција и кои во принцип

претставуваат основни критичари на Владата, ги ловат нејзините слабости, ги напаѓаат и даваат алтернативни предлози и во принцип се гласачка машина против Владата. Значи постојат сите фактори кои посредно или непосрендо се дадени во Уставната рамка на нашиот Парламентарен систем.

Сега, прашањето е дали основната аргументација на предлагачот во однос на пратеникот треба да се гледа независно од сите други аспекти за конституирањето на Парламентот и пратеничките групи, стабилноста на функциионирањето на системот како што го кажав, значи дали секој пратеник во буквална смисла може да се однесува и таа слобода да ја сфаќа независно од своите пратенички групи и сето она што претходно го изложив. На пример дали би можеле слободата да ја толкуваме да е слободен во своето одлучување, да одлучува по својата совест и убедување, но тоа да се толкува како прашање на изборната платформ врз основа на која го добил мандатот. Дали може да се игнорира динамиката на процесот на политичкото однесување, Парламентарна позиција, опозиција, вонпратеничките групи, дали процесот на политичко одлучувње е индивидуална работа или како што реков, поентата ми е ако се сведе во крајната консеквенца, тогаш секако ќе се постави прашањето зошто имаме политички партии како субјекти воопшто, зошто тие се тие што најчесто ги кандидираат кандидатите за пратеници, зошто имаме парламентарни групи, парламентарно мнозинство, парламентарна опозиција кои се релативно цврсти структури ако е дозволена  апсолутна можност за флуктуирање на пратениците во одлучувањето.

Затоа кажав на почетокот тоа се многу сложени прашања и тоа прашање секако ќе го гледа Уставниот суд и може да се случи да каже вие ги имате овие, условно кажано, конкурентни принципи во Уставот, системот вака поставен вака би требало да функционира, а прашање на законодавецот, на законодавната политика каков е балансот меѓу индивидуалниот пратеник и сите овие други одредби на парламентарниот систем ќе ги доведете во баланс.

Аргументацјата на противниците на предлогот на предлагачите е всушност на таа линија дека со едно решение кое ќе значи дека пратениците имаат апсолутна слобода во текот на мандатот индивидуално се однесуваат, слободно кажано, по своја апсолутно слободна волја или да ги менуваат пратеничките групи да истапуваат, да влегуваат итн, ќе ги наруши другите аспекти на Парламентарниот систем. Тука е клучот на сложеноста на прашањето и можно е да очекуваме тоа прашање и уставотворецот  ни го прати на нас овде во законодавниот дом дека уставната рамка е таа, а вие ќе постигнете преку законодавната политика, како ќе го

остварите овој систем да функционира. Слично би било прашањето за изборниот модел. Уставот дава дека изборите треба да бидат општи, непосредни, демократски, тајни, а прашање на законодавна политика е како вие и низ кои модели секако најдобри за нашиот контекст би функционирале тие одредби од Уставот.

Затоа, било која страна да ја заземете по ова прашање имате солидни, легитимни аргументи кои се многу важни да ги разгледаме во овој случај. Секако законодавецот кога го носел ова решение се определил практично да ја обезбеди стабилноста на Парламентарната структура во смисла на пратенички групи, а со тоа и на процес на политичко одлучување за да не може да се флуктуира, како што реков, парламентарна позиција, парламентарна опозиција и внатре во тие две структури а, секако тоа директно би влијаело на стабилноста на Владата во поглед на тоа што парламентарното мнозинство е тоа што ја држи Владата и ја обезбедува ефикасноста на спроведувањето на Владината плолитика базирана врз основа на изборна програма на оние кои се во Владата и во парламентарното мнозинство.

Од страна на предлагачите беа спомнати и други уставни одредби. Јас би сакала да се осврнам за дилемите, сосема на кратко, во овој дел. Се вели дека пратеникот, постои одредба дека пратеникот не може да биде отповикан и секако тоа е специфичен наш рецидив од собранискиот систем дека Парламентот не може да биде ниту распуштен ниту индивидуалниот пратеник да биде отповикан, меѓутоа, тоа е различен институт, во овој случај нерелевантен од институтут престанок на мандат кој и самиот Устав го предвидува како категорија, најексплицитно во делот на релацијата пратеник-сторување на кривично дело за кое е предвидена казна минимум 5 години.

Одповикувањето не ни е важно, битно е дека институтут престанок на мандат или одземање на мандат на пратеник под одредени основи е уставна категорија и аргументот за политичките партии, за слободата на стапување во членство и истапување од членство исто така не ни е релевантен, бидејќи не ја носи врската политичка партија и кандидати за пратеници за добивање на мандати. Тоа е во делот на самото функционирање на политичките партии, а не на политичките партии како главни носители на кадри кои би биле кандидати на избори, би добивале мандати и потоа отворањето на сите овие прашања кои нам ни се отворија овде.

Од прилика тоа би било, само уште еден аргумент за слободата на уверувањето што беше повикано како уставна одредба во прилог на решението на предлагачот. Ако добро се сеќавам предлагачот се повика дека практично ова значи косење со слободата на говорот, мислата, уверувањето. Мислам дека и таа одредба

не е релевантна затоа што всушност пратениците имаат многу појако право од граѓаните со самиот факт што на пратениците со загарантираниот имунитет за сето она што ќе го кажат на говорницата се разликуваат во однос на сите други граѓани.

Тоа право што го имаат сите граѓани не е апсолутно и во одредени аспекти е ограничено. Ограничено е на пример во однос на кривичните дела за ширење на омраза, ограничено е во делот на навреда, клевета , јас споменувам само некои вообичаени примери за тоа дека таа слобода не е апсолутна за разлика од пратениците. Во нашиот случај 120 граѓани на Република Македонија од оваа говорница можат да зборуваат многу послободно од било кои граѓани на Република Македонија, затоа што кога ќе излезете надвор од Собранието важат многу поинакви, зависно од случајот стандарди, правни и вообичаени стандарди за слободата и на говорот и на мислата и на уверувањето и правните последици од тоа. Смислата на Уставот, на уставотворецот е на 120 граѓани на оваа држава да им се даде правото да ги кажуваат и работите кои што многу други граѓани заради овие правни стандарди не можат да ги кажат, дури и со логиката во 99% случаи на апсолутна слобода на пратениците да се злоупотребува во 100-тиот случај може навистина да се погоди суштината на некој основен проблем и то би значело унапредување и на слободата и на демократијата во државата. Значи, ние некогаш дури самите се цензурираме во однос на оваа апсолутна слобода што ја имаме, или пак некогаш ја злоупотребуваме од аспект на политичката култура, меѓутоа факт е дека пратеникот има апсолутна слобода без никакви консеквенции да изнесе од говорницата што мисли да го изнесе, или што сакаат да го кажат граѓаните а не смеат заради одредени правни консеквенции што нивната слобода на уверување, на говор итн. ја има надвор од овој парламентарен дом. Тоа е практично цената што Уставот и уставотворецот ја предвиделе за развој на демократијата и на слободата во една држава. Тоа е вообичаен стандард во сите развиени демократски држави. Значи и овој стандар можеби треба да се гледа во контекст колку е релевантен, но пак ќе се вратам на тоа дека клучниот аргумент е она што практично предлагачот го кажува во однос на статусот на индивидуалниот пратеник ви за ви одредбите на Уставот кои се однесуваат на целокупната уставна рамка и воопшто на функционирањето на парламентарната демократија во Македонија, а практично законодавната дилема која што ние би ја имале ако Уставниот суд одлучи дека не се работи за уставно прашање би била како да ги избалансираме овие две работи за да од една страна пратеникот ја има нужната слобода која што му е потребна,

меѓутоа од друга страна да се обезбеди една стабилност, предвидливост и функционалност на Парламентот односно на парламентаризмот.

Конкретната дилема е дали одредбите кои што би значеле функционална стабилност на пратеничките групи треба да бидат така поставени што во едни конкретни ситуации на ваква крупна динамика во рамките на пратеничките групи во четири годишниот мандат сами по себе не би биле извор на нестабилност и дисфункционалност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа Ристова.

Повелете г-ѓа Којзеклиска, имате реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Колешката Каролина Ристова ги посочи дилемите во однос на измените на овој закон, она што би се случило, или каква е дисфункционалноста помеѓу индивидуализмот на пратеникот и пратеничката група во иднина, или во перспектива во однос на функционирањето на Парламентот.

Вое некои делови се соглесувам со колешката Каролина Ристова, меѓутоа, јас имам едно друго размислување во однос на неодповикливоста со оглед на тоа дека таа доста го елаборираше. Точно е тоа дека во Уставот и во Законот за избор на пратеници е утврдено дека пратеникот не може да биде отповикан. Отповикувањето како категорија, веројатно она што го мислеше колешката Ристова се однесува на граѓаните кои го избрале и неможат да го отповикаат. Меѓутоа, ако граѓаните кои го избрале како избирачка маса неможат да го отповикаат пратеникот тогаш логиката на политичката партија, според мене и овие две алинеи кои бараме да бидат избришани, која е логиката политичката партија како многу помала група да може да го отповика преку овие две алинеи пратеникот. Тоа е во однос на неотповикливоста.

Инаку, во Деловникот од членот 52 до членот 55 , кои се сместени во главата - престанок и одземање на мандатот на пратеникот, тоа се одредбите од Уставот кои ги покриваат или ги доразработуваат постапките во случаите на престанок на мандатот на пратнеикот. Значи, во Деловникот имаме доразработување на постапката како, која Комисија одлучува, што треба на Комисијата. Значи, Деловникот апсолутно не е во согласност со Уставот. На нас проблемот ни е законот и одредбите од законот.

Во законот за избор на пратеници овие две алинеи се само дел од останатите алинеи, меѓутоа со оглед на времето кое тече нема да имам време да ги објаснам, ќе се јавам повторно за збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Витановски, имате збор, а потоа некја се подготви пратеникот Хисни Шаќири.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани предлагачи на овој закон,

Бидејќи сите зборуваме за Уставот и јас ќе тргнам од Уставот, ќе се повикам на Уставот и ќе дадам свое лично видување за овој закон. Тоа ми го дава Уставот, тоа е мое право како пратеник, член 62 став 1.

Денеска дојде на дневен ред во Парламентот еден закон кој го предлагаат група пратеници, а се однесува на нас пратениците, а ќе се однесува и на идните пратеници доколку го донесеме овој закон, а со кој закон се отвора прашањето на престанокот на мандатот на пратеникот пред истекот на времето за кое е избран.

Имено, колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ поднесуваат предлог за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија кој се донесе 2002 година и е објавен во “Службен веник на Република Македонија “ 42 и по кој Закон е избран овој парламентарен состав.

Законот ќе оди во две фази и сега ја донесуваме потребата од донесување на законот. Сметам дека е добро што законот се носи во две фази, па ќе имаме време да ги чуеме и експертите, Јавната трибина, стручните мислења па потоа да одлучиме за донесување на овој закон. Добро е што предлагачите на овој закон се одлучија законот да оди во две фази.

Законот е многу интересен и со многу дилеми и со многу отворени прашања. Тој ќе побуди голем интерес како кај нас пратениците, исто така и кај медиумите, како и кај сите граѓани на Република Македонија кои се заинтересирани токму за овој закон бидејќи граѓаните преку нас пратениците ги остваруваат своите права во овој Парламент. Значи ние сме нивни претставници и затоа сметам дека граѓаните се заинтересирани за овој закон.

Сега поставувам две прашања за кои што мислам дека треба да размислиме и заради кои се јавив јас.

Првото прашање е зошто токму сега се предлага овој закон.

Второто прашање е на кого му треба ваков закон.

Токму заради овие прашања јас како пратеник сакам да го искажам своето лично мислење по овој закон, а тоа нешто ми го дава и Уставот на Република Македонија.

Што содржи овој закон?

Овој закон е многу краток, има само два члена.

Во членот 1 се предлага “во законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија членот 101 став 1 алинеја 4 и 5 да се бришат”.

Вториот член на овој закон е дека овој закон влегува во сила итн.

Заради интерес на граѓаните јас ќе прочитам што е регулирано во членот 101 и што е тоа што предлагачите на законот бараат да се измени овој закон.

Имено, члено 101 гласи: “на пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран”. Значи зборуваме за престанување на мандат на пратеник пред истекот на времето од 4 години.

Прво, “ако поднесе оставка;

- ако е осуден на затвор за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години;
- настапи случај на неспоивост на функција со функцијата пратеник;
- по негово барање заради престанок на членството во партијата;
- изјави дека поминува во друга политичка партија;
- во случај на смрт, и
- со правосилно решение е лишен од деловната способност”.

Значи, со овој предлог на закон пратениците предлагаат да се брише основот за престанок на мандатот пред истекот на времето за кое е избран и тоа точките:”ако по негово барање му престане членството во партијата и изјави дека поминува во друга политичка партија”.

Овие се двата основа кои што овие пратеници бараат да се избришат од овој закон.

Што значи доколку се донесе овој закон?

Пратениците ќе можат во секое време да поминуваат од една во друга политичка партија, или речено со спортски зборови да го менуваат својот дрес и да бидат пак пратеници. Значи ќе бидат заштитени како белите птички, а партиите кои ги кандидирале, изборните програми на партиите за кои тие пратеници се залагале, граѓаните кои гласале за неговиот мандат, опцијата на таа партија не ги прашува никој. Дали тоа е во ред? За тоа треба да најдеме одговор.

Сметам дека треба да се почека мислењето на Уставниот суд пред кој стојат две иницијативи за оценувања на уставноста на одредбата од законот со која е предвидено на пратеникот да му престане мандатот ако одлучи да ја напушти партијата на кој преку пропоционалната листа му овозможува влез во Парламентот.

Затоа мислам дека е добро да го почекаме мислењето односно одлуката на Уставниот суд.

А сега ќе дадам свој коментар за она што го регулира Уставот во некои одредби во Уставот, бидејќи тој е најголемиот акт во државата.

Има една ваква одредба: "Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници. Пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување. Пратеникот неможе да биде отповикан. Пратениците во Собранието се избираат за време од 4 години".

За мене овие се битните работи кои што го регулираат Собранието.

Што се предлага во законот кој се бара да се измени?

На пример, во Собранието на Република Македонија, инаку Уставот ова го регулира со лекспецијалист закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. Се прецизираат одредбите и тоа вели: " за Собранието на Република Македонија се избираат 120 пратеници според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена во 6 изборни единици утврдени со закон, од кои се избираат по 20 пратеници.

Пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Пратениците неможат да бидат отповикани.

Функцијата пратеник се врши професионално".

Ова е новината во овој закон.

Она што мислам дека е битно за овој закон е членот 37: "предлагањето на кандидат за избор на пратеници се врши со поднесување на листа за кандидат.

Кандидат за пратеник може да биде предложен само во една листа на кандидати, неможе во две.

Право да поднесе листа на кандидати имаат регистрираните политички партии самостојно, или две или повеќе заедно, или група на избирачи".

Зошто ги презентирам овие одредби од Уставот и законот?

Бидејќи сакам да ги отворам следните прашања.

Едно од битните прашања е каде е поврзаноста на пратеникот и партијата? Тоа е многу битно и клучно прашање.

Избрани сме на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Туканема дилеми.

Избрани сме според пропорционалниот модел, не со мнозинскиот.

Предложени сме како кандидати за избор на пратеници и со поднесување на листа од страна на регистрирана политичка партија. Јас сум ставен на листа од СДСМ, вие сте од ВМРО-ДПМНЕ, други од ЛП, трети од ДУИ и сите останати.

Сами не сме можеле да предложиме. Сме можеле доколку сме оделе преку група избирачи, но таков во овој Парламент нема. Значи, ако нема политичка партија зад пратеникот тој неможе да биде избран. Тоа го покажаа овие избори. Партијата ја составува листата на кандидати. Партијата прави и редослед на таа листа. Ако некој кандидат сака да биде избран и има шанса и можнодст да бидат избрани оние кандидати кои се во горниот дел на таа листа, но таа листа ја прави партијата и редоследот на листата го прави партијата, зависи кој кандидат ќе повлече повеќе кандидати, повеќе гласачи, потоа име и ред други квалификации на кандидатот, партијата одлучува како ќе ја направи листата и на кое место ќе го стави кандидатот.

Политичката партија има своја програма која ја презентира пред граѓаните и се бори за таа да се оствари.

Исто така и кандидатите за пратеници се членови на таа партија и ја застапуваат таа опција, ја застапуваат таа програма и се борат доколку освојат мандат таа програма да ја остварат. Впрочем, и тоа е борбата во Парламентот. Секоја политичка партија излегува со своја програма, граѓаните ценат која е таа добра програма за граѓаните дека ќе имаат подобра иднина, подобар просперитет и тие ќе гласаат и се определуваат за таа партија или за таа програма.

Значи, и кандидатот е должен да ја застапува, бидејќи е кандидат на таа партија и кога ќе биде пратеник да се бори таа програма да ја оствари во Парламентот.

Доколку се донесе овој закон, според мене што може да се случи.

Ќе имаме трансфер од една во друга партија. Еден период, па по некое време тој истиот пратеник ќе оди во трета партија. Што ќе се случи во Парламентот?

Во определен период ќе имаме една група на партија, во друг период ќе имаме друга група на партија, кандидати односно пратеници. Значи нема да се знае во Парламентот која пратеничка група колку брои. На пример ќе има некоја пратеничка група 20 пратнеици, потоа некои ќе си одат, ќе одат во некоја друга партија, па таму ќе зголеми бројот и мислам дека тоа нема да биде добро.

Јас би рекол дека таквите пратеници ќе бидат, така да ги наречам “шетачи” од партија во партија. Која ќе биде гаранцијата дека ќе остане и колку ќе остане во таа партија, доколку го усвоиме овој закон. Јас како пратеник ќе можам да бидам оваа

година во СДСМ, наредната некои подобри услови ми дава ќе бидам член на ВМРО-ДПМНЕ, на ДУИ, на ЛДП, на било која партија. Значи во Парламентот ќе имаме шетчи и тоа не е добро.

Да поставиме и друго прашање. Што ако некој овде од нас пратнеиците има многу пари, си основа партија, некој бизнисмен, има идеја да има парламентарна група и тој да почне да ги купува едноставно пратениците. Што ќе се случи тогаш?

Доколку имаме такви пратеници  кои што немаат свое его, кои немаат свое достоинство, или да си го гледаат својот личен интерес, а не интересите на државата и на граѓаните.

Мислам дека тука тоа не е во ред и ќе направиме една недобра работа за Парламентот и тоа ќе биде штета за парламентарната демократија, која што сега е многу млада.

Има уште една дилема. Поставувам пршање, доколку ние како пратеници овде можеме да шетаме од партија во партија, дали тоа не може да биде и на локално ниво. Сега со новиот пакет на закони за локалната самоуправа, исто и таму тоа ќе се случува. Ако ние како пратеници можеме да одиме од партија во партија, тогаш зошто да не можат да одат и советниците од една во друга партија. Таму ќе биде уште поинтересно. Градоначалникот ако сака да има мнозинство, ќе има моќ, ќе може едноставно, да ги придобие и да ги купи тие советници и ќе биде тој најмоќниот во општината. Дали тоа ни е интенцијата?

Затоа сметам дека ова решение не е добро и овој закон оди во штета на парламентарната демократија. На ваков начин ќе ги изиграме и излажеме граѓаните, бидејќи тие гласаат за таа пратија, за таа програма, а ние кога ќе влеземе во Парламентот одиме во сосема друга партија. Каде е тогаш нашиот морал, каде е нашата совест, нашето достоинство, зрелост на пратеник, човек во кој верувале граѓаните и на кого му дале доверба и мандат да ги претставува во Собранието. Не знам како тој пратеник ќе може да се појави во јавноста во својата средина. Како граѓаните ќе имаат доверба да гласаат за тој човек, доколку се појави на избори. Па и за останатите пратеници како ќе имаат граѓаните доверба, кога ќе речат да, ние гласавме за оваа опција, за оваа партија, за овој пратеник, ама тој утре може да помине во друга партија. Мислам дека тука со тоа ќе ги изиграме граѓаните, што не е добро.

Сметам дека овој закон ќе ја руши нашата млада парламентарна демократија. Затоа сметам дека доколку на некој пратеник му престане мандатот според еден од основите од членот 101 од постоечкиот закон, тогаш за остатокот од мандатот,

пратеник станува наредниот кандидат од листата. Значи сега како што стојат работите ако вие колега ја напуштите ВМРО-ДПМНЕ, тоа ќе значи ви престанува мандатот и се гледаме на наредните избори во некоја нова партија. Па ќе излеземе пред граѓаните и ако добиеме мандат ќе бидеме пратеници. Таква е сега работата. На крајот сметам дека законот да се носи сега, но треба да почекаме одлука на Уставниот суд, да ги чуеме и видиме мислењата на експертите по ова прашање, да сочекаме какво ќе биде јавното мислење на граѓаните, бидејќи овој е клучен закон, бидејќи ова навлегува во парламентарната демократија и мислам тогаш можеме да расправаме за овој закон.

Според мене, мое лично мислење е дека законот не е во спротивност со Уставот, сегашниот. За мене нема дилеми дека пратеничкиот мандат е врзан за партијата и тоа е основот за ова и ние работиме во овој Парламент по Уставот, законот е лекс специјалист, ги регулира овие други прашања и сметам дека проблемите ако ги имаме во нашите партии, или во било која друга партија, не треба да ги пренесуваме во Парламентот, бидејќи тоа оди на штета на граѓаните.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Инаку, за шетачите како што рековте вие, вие го кажавте лекот. Како ќе се појават на следните избори како партија и како личности. А бидејќи изборите се на четири години, животот е подолг од четири години.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Колегата Витановски посочи определени дилеми. Јас ќе се потрудам да му објаснам каде сметам дека не е во право.

Почитуван колега Витановски, во моментот во Република Македонија и колешката Ристова рече има определена политичка клима, која е реалност и потребата за донесувањето на овој закон, вака како што го предлагаме произлегува, токму од таа клима која постои во Парламентот. Состојбите во определени пратенички групи и самите сме свесни на неколку пати за определени настапи на колеги од вашата пратеничка група, а кои се косат со она на чија листа биле избрани, како што велите вие политичката партија, дури и носители на листа. Тоа е во тој дел. Значи политичка клима за донесување на овој закон постои. Ние не можеме да бегаме од реалноста. Вие велите дека пратениците се избрани,

предложени од определена политичка партија на определена листа на кандидати која брои пратеници, согласно бројот што е предвиден со законот.

Кога се избираат пратеници според пропорционалниот модел листата на кандидати ја сочинуваат лица со име и презиме Јанаќе Витановски, Цветанка Иванова, Љупчо Јордановски, значи листата на кандидати е со име и со презиме, не зборуваме за X и S, непознати пратеници. Значи граѓаните кога го даваат својот глас, не само што гласаат за програмата и за платформата на таа партија која ја нуди на изборите, туку многу голем дел од нив гласаат и за личностите, независно од тоа дали се носители на листата од соодветна изборна единица или првите четворица кои сепак мораме да признаеме се звучни имиња, како резулатат на потребата да бидат усвоени што поголем број гласови.

Ова го велам во контекст што ваквата состојба мора да биде според нашите законски прописи, мора да постои листа на кандидати, согласно членот 43 од Законот за избор на пратеници. Значи таа листа со имињата мора да биде поднесена од определена политичка партија. Тоа е законскиот услов. Сега во обратен случај политичката партија ќе си даде 20 бланко потписи, или 20 бланко места, колку мандати ќе освои, односно колку места ќе освои, тоа е друга ситуација кога политичката партија тогаш може да предлага имиња, ако е отворена листата. Значи тоа се две различни работи. Зборуваме за лица кои се кандидати со име и со презиме, покрај програмата и платформата која ја има таа политичка партија. Вие бевте сведоци дека вчера ние го донесовме Законот за политички партии. Вчера го кажав и денеска ќе го потенцирам членот 12 во кој се вели дека секој член на политичка партија може слободно да истапи од неа. Значи ако секој член прво е потенцијален кандидат да биде пратеник, со овој нов закон кој вчера го донесовме за политичките партии, значи на наредните избори, така како што е сега состојбата, секој може да биде кандидат за пратеник. Дали тоа значи дека Владата кога го поднесе овој закон не го усогласила со Законот за избор на пратеници и со овие две алинеи со кои ние велиме  бараме да се брише, затоа што една од алинеите, ако изјави дека отстапува од политичката партија, а од друга страна, вчера донесовме закон за политичките партии во кои велиме дека секој член може слободно да истапи од партијата.

Вие колега намерно можеби не го спомнавте институтот кој постои моментално во нашиот Парламент, а тоа е состојба кога пратеник Ќе биде исклучен од партијата. Што со неговиот мандат тогаш? Дали законодавецот ја предвидел таквата ситуација.  А законодавецот од друга страна ја предвидел ситуацијата кога

пратеникот сам лично ќе изјави дека истапува или по негово барање му престанува членството или преминува во друга партија и му престанува членството. Овие два институти, исклучувањето и ова што е во законското решение сметам дека не се во корелација со интенцијата на законодавецот во самиот закон за избор на пратеници. Што ќе се случи, ако веќе хипотетички зборуваме, доколку 15 пратеници различно размислуваат или различно, меѓутоа во иста насока размислуваат и 15-те пратеници ги исклучи политичката партија. Што во таков случај? Дали тоагаш нема да зборуваме за дефункционалност на  Парламентот во Република Македонија. Еве пратеникот не е виновен. Значи во овој случај политичката партија се наметнува, како субјект надвор од Парламентот во функционирањето на Парламентот, во однос на пратеничките групи или на самите поединечни пратеници.

Инаку, институтот, тоа вие што го спомнавте шетачи од една во друга партија, колку мене ми е познато, преминувањето од партија во партија, не е непозната институција, не само во Република Македонија, туку и во државите на ЕУ. Така да, сметам дека  она што го зборувавте дека не е време да се донесе овој закон, токму напротив и уште еднаш ќе повторам, значи климата за дефинирање на односите е токму во овој момент и треба она што го бараме, законот сепак треба да ја помине првата фаза, со оглед на тоа дека забелешките и она што го кажавме дека треба време да оставиме да се изјасни стручната јавност, да се изјаснат и политичките субјекти, држи место и останува периодот за втората фаза.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Витановски имате реплика и од господинот Краљевски. Дали сакате да ја чуете таа реплика, па после да одговорите, или сакате сега? Сега тука малку се испомешаа лончињата, бидејќи предност има предлагачот.

Повелете господине Дојчиновски, реплика имате прво на предлагачот. Па потоа господине Краљевски ќе имате реплика на господинот Витановски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Лично мислам дека има место да се расправа во две фази овој закон, пред се заради тоа што, изгледа помешани се работите од мнозинскиот, мешаниот и пропорционалниот систем и сега во овој закон на некој начин како некои работи да висат.

Меѓутоа, сакам да и обрнам внимание на колешката дека бонитетот на листата зависи од поединците што се ставени. Но ние не гласаме за поединците. Ние гласаме за листата. Ниту пак партијата има право да ги вади од каде што сака

во листата кандидатите за пратеници. Таа оди по еден редослед, онака како првите луѓе ќе одат во некои други функции, или им престанува мандатот, следат наредните.

Од тие причини, ми се чини дека добро би било да причекаме и на крајот да се определиме во втората фаза за што ќе бидеме. Инаку сигурен сум дека не е убаво од Парламентот да направиме “кванташки пазар”, како што беше претходниот, па да го имаме Амди Бајрам, Шахиќ, ВМРО-Македонска, па на Циле партијата, па не знам што, па да се занимаваме таму со такви работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам не спомнувајте имиња кои не се присутни тука.

Има госпоѓа Којзеклиска една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас знам почитуван колега дека на изборите се гласа за листа. тоа го кажав и пред малку. Тоа е законски услов за да може политичката партија да учествува на избори, мора да даде листа согласно членот 43 од Законот. Но факт е дека голем број од гласовите кои доаѓаат на таа листа се однесуваат на личности кои ја сочинуваат таа листа. Тоа е во тој дел. Јас не велам дека се гласа за имиња поединечно под реден број 5, 10 или 20. имињата кои ја сочинуваат листата влечат доста гласови.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Витановски, вашите три минути во однос на излагањето на госпоѓа Којзеклиска.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Марија сака некако да ја пренесе таа  клима од партијата во Парламентот. Мислам дека тоа не е добро.

Мое лично мислење е дека климата во Парламентот е добра, одлична, работиме извонредно, си има пратенички групи, секој пратеник си го застапува интересот на своите граѓани и интересите на партијата. Сметам дека климата во Парламентот е добра. А има политичка клима во партијата. Ве молам немојте вашата политичка клима во партијата да ја пренесувате во Парламентот. Впрочем, овој закон го донесовте вие кога бевте на власт, не го донесовме ние.

Втората работа,  она што го зборував, што е многу битно за овој закон е тоа што овластен предлагач на кандидатски листи е регистрирана партија. Само регистрираната партија може да поднесе листа на кандидати за пратеници. И тоа

како што спомнав и пред малку има поделени во шест региони, па по 20 кандидати и тн.

Јас се согласувам со вас госпоѓо Марија дека лицата играат улога на таа листа. Затоа реков, партијата го прави редоследот на таа листа. Кој може да привлече поголем број на граѓани, тој граѓанин ќе биде на овисока листа. Но битно и основно е дека право да поднесе листа има само регистрирана политичка партија, или група на граѓани. Но видовме на последните избори дека такво нешто не се случи, дека ние сите сме овде пратеници од политички партии.

Друга работа е дали некој може да истапи од партијата. Секој може да истапи од партијата доколку не се согласува со ставовите на партијата, со програмата во таа партија. Тоа е демократија. Секој може да истапи од партијата. Но ако тој е пратеник, ако истапи од партијата, не се согласува со таа партија, не се согласува со тие ставови за тоа што се кандидирал на изборите, слободно може да истапи од партијата. Тоа право никој не им го зема. Но ако е тој пратеник, ќе си оди од пратеник. Не можам да истапам од партијата, а да останам во Парламентот, а таа партија ме кандидирала за пратеник и ме ставила на таа листа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете Којзеклиска, имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван колега Витановски, точно е тоа што велите дека овластен предлагач на листата на кандидати е политичката партија и тоа е законски услов, согласно членот 43 од Законот за избор на пратеници.

Меѓутоа, јас не се согласувам со фактот дека ме обвинувате мене за пренесување на кризата во партијата во Парламентот. Ние мораме едно да разбереме. Додека сме на листите на кандидати, како пратеници и до изборот и до верификацијата на мандатот, ние сме сеуште кандидати. Откако ќе станеме пратеници, ние стануваме пратеници. Работата наша се интересите на граѓаните, на програмата за која граѓаните гласале, за која лично сметам дека не отстапувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има г-динот Хисни Шакири, а потоа нека се подготви пратеникот Иван Анастасовски.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Господине претседател, господо пратеници,

На дневен ред е иницијативата и Предлог за измена на законот за пратеници, за избор на пратеници иницијатива што произлезе од пратениците на опозицијата.

Дебата може да отпочне по многу прашања, меѓутоа како Парламент треба да констатираме едно нешто, што ни е обврска, затоа што секој закон кога се усвојува, во прв ред треба да се констатира дали има уставна основа. Тоа треба да го расчистиме како дилема, дали постои уставна основа.

Слушајки некои расправи што овде се одвиваат, јас доаѓам до заклучок дека законот е сосема во ред и е донесен врз основа на одредбите на Уставот на Република Македонија, а јас не го делам тоа мислење и сумкатегорично против ова со самиот факт, што, гледајки го членот 65 од Уставот, тој член е јасен и дециден по ова прашање. Доколку ние не се научиме и нездобиеме пракса да го спроведеме Уставот, нешто треба да ви биде јасно, да знаеме дека овде ќе создадеме анархија и ќе се судриме со функционирањето на правниот систем во државата. Ова е задача и на правниците, тие да коментираат од професионален аспект. Мене не ме ентересира какви се односите внатре во ВМРО-ДПМНЕ. Тоа воопшто не ме ентересира. Тоа е нивно внатрешно прашање. Мене ме ентересира едно прашање, тоа ни е должност како граѓани, меѓутоа ни сме пратеници и треба да го спроведеме Уставот на Република Македонија.

Членот што предлагачите сакаат да го изменат, членот 101, ве молам, ако го прочитаме членот и направиме споредба со членот 65 од Уставот, може да дојдеме до вистината многу брзо, многу лесно. Доколку сакаме политичко решение, доколку сакаме со некој друг товар на оптоварување да ги гледаме работите и со предрасуди да ги гледаме, тогаш ние токму доаѓаме доконстатација што до сега била постои во актуелниот Закон за избор на пратеници. Значи, токму во членот 101 од Уставот кој е највисок правен акт во секоја држава па и во Република Македонија. Ниту еден закон, доколку сакаме да имаме внатрешноуредување и функционирање на институциите на државата врз правни основи, мора како основа да го имаме Уставот.

Сега слушнавме разни коментари како да ВМРО сака да го направи ова или она. Секој пратеник, кога излегол на листа има своја совест, тоа се подразбира, значи ја прифатил програмата, но сега зависно, не можеме на сите д аимсугерираме и да кажеме дека ова е решение. Пратениците треба да имаат еден правен статус врз основа на тоа што е предвидено со Уставот. Тогаш, со каква правна интерпретација, толкување на законите ќе се засноваме ако направиме такви

пропусти и направиме такви проценки? Колку што гледам, има такви проценки. Дури воовој случај би ги забележал, бидејки јас имам податоци, незнам колку се точни, има иницијатива за уставноста на овој закон. Незнам што е направено со Уставниот суд. Нека ми простат господата што ние сме ги избрале или можеби тие маат повеќе право да направат толкување на ова прашање, затоа што се повикани на тоа, тоа е тело при оваа држава што прави проценка на секој закон од аспект на уставноста. Зошто до сега не дале мислење и за ова прашање и да го сведат на правилен начин, па ние да имаме став врз основа на тоа мислење. Потоа не би имало ни расправа ни разни толкувања.

Затоа ќе беше многу правилно и праведно и оправдано во овој момент да е ставиме во функција на одбрана на Уставот, на членот 65 и доколку се ставиме во функција на одбрана на членот 65, тогаш е вистина господо пратеници дека членот 101 е во судир со Уставот на Република Македонија што се однесвуа на статусот на пратениците. Се знае во какви услови, во какви околности им се одзема мандатот на пратениците. Доколку сакаме да имаме друга регулатива законска, како да сакаме некого да одбраниме, тогаш пред се треба да го промениме Уставот и членот 65.

Секогаш, не почитувајки го Уставот имаме проблеми, можеби и во многу други прашања и зошто да не кажам прашања што се проблеми и предизвикуваат потешкотии. Тоа с епробелми што создаваат конфузност во функционирањето на една правна држава. Ова треба да го знаеме. Тука не постои - ова ми се допаѓа па сакам да го гледампробелмот од овој аспект, како што сакам јас. Или, некому се допаѓа поинаку, па да го гледа проблемот поинкау. Овде работите се јасни и да се научиме да го спроведуваме Уставот.

Дали пратениците од ВМРО-ДПМНЕ сакаат и како ги гледаат внатрешните проблеми, јас не сакам да навлегувам во тие коментари. Го немам то право, бидејки гледам дека сме сите рамноправни и секој од нив има право да ми каже зошто се занимава со ова прашање кога е наше внатрешно прашање.

Меѓутоа, што се однесува до тоа колку е демократски, ние знаеме колку е демократско. Пратеникот е претставник на граѓаните. Меѓутоа, во рамките на партиите го остварува тоа, во рамките на партиите. Доколку се стави во функција на одбрана, заштита на граѓанските интереси или, еве да ви кажам, јас сум партиски пратеник, нашите апртии излегуваат над интересите на граѓаните.Ова го имаме, господо. Знач, нашите партии доаѓаат на власт за да ги наполнат џебовите и се збогатат. Значи ова постои господо. Дали знаете? Цело население зане. Доколку имавме искреност и чесност, доколку се придржувавме на правилата, нам немаше

да ни се случат овие работи што ни се случуваат во Собранието. Тоа се прашања со кои што треба да се соочиме доколку сакаме да се расчистиме пред себеси и пред граѓаните. А ние сега теснопартисктие интереси, нам ова не ни одговара или ни одговара, ќе се занимаваме со други прашања. Јас имам желба и би сакал да проблемите се гледаат од еден многу значаен аспект, а тоа е општиот, заедничкиот интерес на граѓаните.

Имајки го предвид овој факт и подржувајки ги овие здрави оправданија, што имаат основ во Уставот, ќе ги надминеме сите проценти што значат дневна политика, засновани врз тесни лични интереси. И затоа би рекол, бидејки е иницијативата во прва фаза, јас ќе го пдоржам ова, ќе галсам за. Сега имам забелешки, меѓутоа во времето кога е донесен овој Закон, не е земен како основа Уставот. Има многу прашања, многу закони што се во судир со Уставот.

Треба да се научиме да имаме пракса, општа пракса и треба, бидјеки имаме претензии, национален и државен интерес е да ги фатиме чекорите навреме, што се однесува на интегрирачките процеси, а тие се со измени во сите области, во сите димензии, а се разбира во согласност со определбите на Уставот.

Ова прашање, доколку не се третира вака, туку се третира од еден интерес, некој некому рекол направи го ова, денес излези и дискутирај за ова, кажи го ова, бидејки ова ми одговара мене, тогаш ние не сме тие пратеници што ја имаат одговорноста и имаат став околу овие прашања.

И уште еднаш, сосема на крај, би ви сугерирал на сите да се засноваме на одредбите од Уставот што ги предвидува членот 65. Така ќе дојдеме до истината, ќе дојдеме до една проценка, што ќе биде правно точна и мислам дека нема да има потреба да расправаме повеќе што се однесува до иницијативата за измена на членот 101. Затоа што условите и околностите кога му престанува мандатот на пратеникот се определени или утврдени, се јасни и децидни врз основа на членот 65. Секоја друга законска или правна форма што го исклучува членот 65 тогаш не е правна норма, законска норма што  се заснова на Уставот.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Анастасовски, е на ред, дали е тука некаде?

Бидејки не е тука, следниот е г-динот Даневски, а потоа нека се пдоготви пратеникот Чедомир Краљевски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Сигурно дека заслужува внимание, еве јас се вклучувам во оваа расправа по Предлогот на закон што е во прва фаза, односно прво читање од група пратеници, затоа што слушнавме едно различно видување од повеќе политички партии или пратеници од повеќе пратенички партии.

Тоа што е битно, иако е прва фаза, ние треба денеска да дадам генерлни забелешки, да утврдиме дали ова  како решение е надвор од Уставот. Ако е надвор од Уставот, нема потреба да го гледаме. Но, ако се согласиме дека е во контекст на Уставот, значи дека овој закон како таков може да оди.

Следна работа што треба да ја продискутираме, што ни тежи, а стои како отворено прашање е дали нашето законодавство е компатибилно или ќе го уредуваме и дотеруваме со европското законодавство. Мислам дека многу законски проекти се надвор од Уставот, како што кажа мојот колега. Ние сме во фаза да правиме добри законски проекти, затоа што скоро ќе се прави ревизија на сите закони и мора да ги усогласуваме, да бидат компатибилни со европското законодавство, така да ние ќе бидеме во фаза приморани, не само што ќе бидат читани и преведувани на англиски, туку добар дел и да ги преизбереме во Собранието.

Се отвора прашањето, тоа што ние во овој Парламент немаме закон за пратеници, дека оваа материја не ни е регулирана, дека е прашање кое што мора да се изрегулира, работата, живеењето, однесувањето на пратениците. Ние немаме закон за пратеници. Вчера донесовме Закон за политички партии и само одиме со измена и дополнување на сите дадени законски решенија. Со кратки измени и дополнувања. Еве, вчера донесовме Закон за политички партии каде што требаше да се размисли, да не ни се случуваат вакви работи, да размислиме за фракционерството. Во поголемите политички партии стои тоа искуство од повеќе развиените држави во Европа, фракционерство Што е легализирано. Таму делуваат во самата политичка партија, се јавува факција што ќе делува во контекст на опцијата на изборот, на платформата, на програмата на таа политичка партија. И сега, пак се наметнува прашањето, одиме во широк дијапазон да ја коментираме како што ние сакаме.

Ако анализираме сега што кажуваше госпоѓата Каролина Ристовска дека во прва фаза ќе го подржиме овојзакон,исто г-динот Јанаќе кажува дека нема да се согласи и сега сме ставени во заблуда дали ќе го подржи пратеничката група на

СДСМ или нема да го подржи. Или ќе чека разврска внатре во партијата, што толку ја злоупотребуваме, во ВМРО-ДПМНЕ да се чека конечната разврска.

Ова го зборувам затоа што ни се наброија многу примери како е во светот, како се работи. Еве, ние имаме искуство, на пример во најразвиената демократска држава САД, имавме типичен пример ког аеден конгресмен од Републиканската партија помина во независни. Во искажувањето на Каролина Ристевска јас би ја прашал како тие го санкционираа и како е уредено во САД кога конгресменот истапи од Републиканската партија и како го санкционираа, дали го казнија? Или во Бундестагот. Во Бундестагот имаме пример да пратеникот може да отстапува со својата дискусија од својата политичка партиа, од својата платформа, но затоа плаќа казнени поени од 600 евра. Многу раоти кај нас се отворени и не се дефинирани. Затоа е нужна потребата да се донесе закон за пратеници.

Зборуваме за надлежноста, за членот 65 од Уставот, за членот 101. Мислам дека ова е децидно решено и постои чувство дека, ако е пвоедена иницијатива пред Уставниот суд вооднос на истава тема, имам чувство дека Уставниот суд ќе си каже дека е ненадлежен, затоа што имаме случаи и мора да го почитуваме тоа да со закон не можеме да реаваме нешто што е надвор од Уставот. Тоа го имаме со менаџирање со криза, имаме некои недефинирани работи во работењето на Парламентот. Ние носиме закони што не се во ингеренции и не се во надлежност на Уставот, бегаат од она што е законска регулатива и што стои како уставна одредба. Така што и ова, како прва фаза, општа подршка даваат сите на овој законски проект, нојас сум да се донесе во итна постапка и законот за пратеници каде што ќе се изрегулираат сите недоречености и да ги дорече, затоа што ние мораме да ја кодифицираме улогата, живеењето и работењето на пратеникот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Краљевски, а потоа нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе,

Во мојата дискусија ќе дадам мои лични видувања по денешнава точка на дневен ред, а дел од дискусијата ќе биде на некој начин и реплика на колегата Јанаќе Витановски.

Веднаш на почетокот би истакнал дека поднесувачите односно иницијаторите на законт за измена и дополна на Законот за избор на пратеници сосема правилно ја оцениле состојбата со постојниот Закон, односно во смисла дека истиот е неусогласен и е надвор од уставните рамки. Па, според тоа и непостоечки, односно необврзувачки. Односно не секогаш ова Собрание треба да се потпре на ажурноста на Уставниот суд и да чека Уставниот суд да ја реши таа неусогласеност на постојниот Закон.

Добро е тоа што ние како Собрание, а што е и наша должност пред се, ако сме увиделе една таква состојба самите да ја завршиме работата, односно самите да ја исправиме направената грешка.

Кога го употребив терминот направена грешка, мислам дека законот односно нормата во тој закон што е донесена е донесена во едно време поствоено време во Република Македонија и кога не се согласени сите фактички состојби што можат да настанат или можеле да настанат во однсот сега веќе навлегувам, во односнот момеѓи пратеникот и политичката партија што ја претставува пратеникот во ова Собрание.

Најпрво, уште еднаш би го апострофирал правото на слобода на мисла, на говор и правото наимунитет што го штити пратеникот каоко поединец, а не како членна одредена политичка партија. Потоа неговата оснвона функција да ги презентира и претставува граѓаните на Република Македонија во ова Собрание. Со тоа и Собранието го добива тој атрибут дека е претставнички орган за граѓаните на Република Македонија.

Сега малку би се осврнал и на односот пратеник-политичка партија што го кандидирала, односно го ставила на список за можен пратеник, а подоцна пратеник избран од листата на одредена политичка партија. Кога се носеше стариот Закон, односно постојниот Закон, пред се се имало предвид еволутивноста односно трансфорамцијата на поединецот во однос на политичката партија.

Тогаш најверојатно од непостоење на поголемо политичко и демократско искуство во Република Македонија законодавецот немал во предвид една друга состојба која е пандан на оваа состојба односно да може политичката партија да се трансформира во однос на константните ставови на еден поединец член на таа политичка партија. Во која смислал зборувам?

Поединецот се врзува за одредена политичка партија, кога зборувам поединецот мислам на член и пратеник на одредена политичка партија, се врзува со идеологијата на таа политичка партија и се врзува со лојалноста кон одредено

раководство на таа политичка партија односно структура, како и со оперативното работење на таа политичка партија. Сега можни се две варијанти. Едната од варијантите ја имал законодавецот предвид, кога го носел овој закон. Ако политичката партија е константна во своето дејствување, во својата политичка програма и во својата идеологија, а поединецот ја напушта таа политичка програма, идеологија и лојалност кон одредено раководство, тогаш за да се спречи таквото одлевање на кадри, е донесен овој закон, во тоа време. Меѓутоа праксата во Република Македонија, политичката прагма, покажала дека е можна и друга ситуација, обратна ситуација, поединецот да биде константен во своите политички ставови, да биде лојален на одредена политичка програма и одредена методологија на оперативно работење, во времето кога е кандидиран и ставен на листата на одредена политичка партија, на политичката партија, или поконкретен да бидам, потесното раководство на одредена политичка партија, ја менува методологијата на своето оперативно работење, ја менува идеологијата донекаде, се менува комплетното раководство, да кажам, на одредена политичка партија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Краљевски да ве замолам сега да не зборуваме за нешто што реално го доживува, овде да не го експлицираме, туку да зборуваме точно за законот.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Точно за законот зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да знаете дека тоа е субјективно мислење дали некој нешто менува или не менува. Не се знае кој тоа ќе го оцени. Затоа да зборуваме за законот.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас ја имам слободата на зборување и моите мотиви за да го поддржам овој закон, или да бидам против. Јас ги образлагам моите мотиви.

Значи оваа втора варијанта сега ја имаме на дело во политичката прагма во Република Македонија. Сега ние како законодавен дом, како законодавци, треба да ја усогласиме таа фактичка состојба, да донесеме соодветна законска форма која ќе ја опфати таа фактичка состојба што е настаната, бидејќи имаме нефункционалност, еве конкретно во одредена пратничка група. Имаме дисфункција, имаме неусогласеност, имаме обраќања поединечни до вас од едни членови, од други членови, за менување на одредени, да кажам условно, функционери во политичката група. Сето тоа доведува до едно целосно нефункционирање и

неоптимално функционирање на одредена пратеничка група односно на целиот парламент, на негово целосно нефункционирање. Токму затоа прагматично е ние да ја усогласиме формата со настанатата фактичка состојба, или со содржината. Тоа е еден вид реплика на колегата Јанаќе Витановски дека ако партиското раководство ги напушти одредените фактички принципи и отстапи од програмата. Тоа е право на поединецот да не се согласува со сите ставови на раководството и значи ли тоа дека треба да биде санкциониран. Тоа се мотивите поради кои треба таа фактичка состојба да се усогласи со формата односно да се донесе овој закон што е предложен од страна на предлагачите.

И на крајот би кажал дека самиот постоечки закон е рестриктивен, пред се, рестриктивен затоа што го ограничува пратеникот во своето дејствување и во своето слободно претставување пред граѓаните, чиј избор е тој пратеник. Длабоко сум убеден дека тоа е проблем на партијата, не е проблем на пратеникот, не е проблем на Парламентот. Партијата треба да си ги усогласи своите акти, статутот и другите, според законот и според Уставот. Тука би се согласил и со колегата Даневски дека е можно во рамките на тоа партиско регулирање на односот партија - поединец, да се дозволи и поинакво размислување и на поединецот. На тој начин ќе бидат избалансирани и еволуацијата на пратеникот односно на поединецот во однос на партијата, политичката структура и еволуцијата на политичката структура во однос на поединецот, ставовите на поединецот. Тука тој баланс би требало да се корегира во рамките на партиските акти и на тој начин можеби не би доаѓале до вакви состојби. Реалност е тоа во политичкото живеење, комуницирање во овој Парламент, дека една номинална константа во себе содржи повеќе различни реалности и структури. Затоа во името на развојот на демократијата, во името на зголемување на правата на поединецот и на пратеникот, предлагам на Собранието овој закон да го усвои и не секогаш е морално да се чека на одлуките на Уставниот суд.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Краљевски.

Јас ќе земам две минути реплика.

Прво да се извинам што ви упаднав, но начинот на кој вие го браните овој закон, многу лесно се обара затоа што вие кажавте сега, дискутирајќи за потребата од една партија дека измените на овој закон се наменски, како што признавте, да ја поправаме својата направена грешка, што е доблесно, бидејќи тогаш наменски беше донесен овој закон кој е против уставен. Во овој Парламент имате и други партии кои

го немаат тој проблем. Затоа дискутирајте за уставноста, што јас лично сметам дека има проблеми со уставноста на овој закон, а не од аспект на тоа дали следиме или не следиме некоја партиска програма, затоа што тоа не знае никој да го процени.

Тоа е реплика. Имате една минута контра реплика.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

На почетокот господине претседателе реков дека пред се го поддржувам овој Предлог на измена на овој закон затоа што постоечкиот е во спротивност и надвор од уставните рамки. Бев јасен и гласен. После во вториот дел од мојата дискусија се повеќе се осврнав во форма на реплика на господинот Јанаќе каде што се спомнуваше партија, поединец, трансфер, шетање итн. Ги образлагав мотивите што мене ме тераат да го поддржам овој закон, односот партија - поединец и обратниот однос и трансформацијата односно еволуцијата и кај поединецот и кај политичката структура. Ништо повеќе не сакав да кажам. А бев искрен и реков дека не е земена предвид оваа состојба кога партијата се трансформира а поединецот останува константен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Реплика исто така има господинот Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас и претходно бев јавен за дискусија, меѓутоа ми помина редот.

Она што сакам да го кажам на почитуваниот колега Краљевски, во голем дел се согласуваме со она што тој го говореше. Партијата е таа која треба да си ги усогласи своите акти и статутот, по однос на законот и Уставот. Јас тоа го почитувам. Тоа беше и кај мене дилема, бидејќи заради тоа што се случува во нивната партија, се рефлектира и сега врз Собранието односно сите пратеници бевме инволвирани во донесување на една ваква одлука. Јас мислам дека таму требаше да се решава тој проблем.

Она што имаше доблест да си признае господинот Краљевски и затоа јас се јавив, е рестриктивноста на претходниот закон каде сите уакжувања говорат дека тој закон е неуставен. За тао си има иницијатива пред Уставниот суд. Меѓутоа, вината треба да ја бараме кај нив, бидејќи тој беше, имаше дел од нашите колеги кои беа тогаш претставници на Собранието. Значи, тие од ним познати причини и мотиви го донесоа тогаш тој закон и сега ние се соочуваме со тој проблем.

Јас сум за тоа да ја развиваме и да ја унапредуваме демократијата во Република Македонија. Сето тоа да го направиме, да ја унапредиме и развиеме демократијата мораме да комуницираме меѓу себе. Најверојатно таму има некаде прекин на комуникација во ВМРО-ДПМНЕ, некаде се прекинуваат комуникациите и доаѓаме до тоа овој проблем сега ние во Собранието да го решаваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Витановски имате реплика.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Јас ќе се осврнам на две тези кои ги кажа господинот Чедо Краљевски.

Првата теза е таа што даде една оценка односно оцени дека овој закон бил во спровиност со Уставот. Мислам дека ние сме законодавен дом, ние носиме закони, не ја оценуваме уставноста. Тоа го прави Уставниот суд и тој одлучува за согласноста на законите со Уставот. Затоа во мојата дискусија јас реков дека треба да почекаме одлуката на Уставниот суд. Таа се извршува, не се коментира.

Во својата дискусија кажав дека законот е грешка, а ако е грешка, тогаш се донесе во тоа мнозинство, во претходниот Парламент. Тогаш значи тој закон се правел во интерес на партијата и сега е грешка.

Втората работа, господинот Чедомир Краљевски вика, имаме сега една ситуација која треба да се регулира со закон. Ако ние носиме закони за одредени партии, мислам дека тоа не е во ред. Да носиме сега закон за да се усогласи некоја појава која се случува во некоја партија. Не се согласувам со таква теза. Не можеме да носиме ние закони за одредена партија. Ние носиме закони за граѓаните на Република Македонија и тие важат за сите граѓани на Република Македонија, а не за поедина партија. Затоа мислам дека не може со закон да регулираме некои односи кои се случуваат во некоја партија. Тука не се согласувам со тоа. Мислам дека врската меѓу пратеникот и партијата е голема. И пак ќе напоменам, доколку се донесе овој закон, ќе биде на штета на парламентарната демократија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Краљевски, имате една минута контра реплика.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Најпрвин колега Витановски никогаш не сме ограничени ние со некаков тајминг или со ажурноста, условно речено, на Уставниот суд. Ако самите согледаме, зошто пред, да речеме пред Уставниот суд да можеме да преправиме и да доградиме одредена правна норма што не е во согласност со Уставот. Тоа никаде не

ни е ограничено, ниту не ни е забрането. Во случајот не мора да чекаме Уставниот суд да донесе одлука. Сами сме увиделе дека нешто не е во согласност со Уставот и Предлог измена и дополна на законот, ние го менуваме тоа што не е во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Краљевски ви измина минутата за реплика.

Има збор господинот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

Што се однесува до мене, во поголема или во помала мерка е сосема сеедно дали Собранието ќе го прифати овој предлог од група пратеници, или нема да го прифати, затоа што моите политижки видувања и во случај Собранието да го прифати овој предлог, нема да се променат, а бидете убедени и во случај да не го прифати овој предлог, моите политички убедувања ќе останат исти.

Сакам да ја истакнам етичката димензија на овој проблем за кој ние сега зборуваме и можеби е малку непријатно што неколкумина дискутанти во прв план ја истакнуваа состојбата во ВМРО и они кои се загрижени за она што се случува во ВМРО и оние кои искрено се загрижени за она што се случува во ВМРО, сакам да им обрнам внимание, нема потреба, во иднина, доколку се дискутира по законот, да дискутираат за тоа што се случува во ВМРО. Инаку да знаете дека во ВМРО работите си функционираат релативно мирно и според платформата и пропишаните пропозиции, кои да ве потсетам, на македонската политичка сцена излегоа на 17 јуни 1990 година и ние како пратеници, 33, стоевме зад една програма пред која се претставивме на парламентарните избори 2002 година.

Етичкиот проблем се однесува на тоа дали, по претпоставка, актуелен пратеник во некоја догледна иднина, ќе се појави во некаква формална, водоизменета политичка групација и каква ќе биде врската меѓу неговите довчерашни приврзаници или гласачи и сега дали ќе му биде замерено, тоа што тој го направил тогаш. Таа етичка дилема навистина постои. Но, во контекст на зебелешките што се кажуваа дека во времето на Владата на ВМРО е донесен претходниот закон, кој бил, како што истакнаа многумина, наменски, етичката димензија на овој проблем вели дека и оној кој се занимава со политика, а учествувал дури и на најмаргинално ниво, во рамките на одредена администрација, значи таму бил заради неговата политичка припадност, пред се, а потоа заради неговите индивидуални, професионални и секакви други способности и тоа не во

некој широк круг на луѓе, значи токму кај оние кои се негови истомисленици.
Таа етичка димензија налага, тој што бил носител дури на најамагинарна политичка позиција во одредена администрација, дури и да не учествувал во процесот на донесување на политички одлуки, да си стои цврсто и кога се критикува работата на таа администрација, значи да ги прифаќа критиките како дел од неговото сопствено мото, исто така да ги прифаќа и евентуалните пофалби кои доаѓаат за работата на конкретната администрација. Ако таа дилема, оној кој се претставува, без оглед дали е носител на пратеничка функција, во моментот, или не е, едноставно стои на тоа што е направено, прифаќајќи ги сите добри и лоши мани на администрацијата, затоа што бил на одредена позиција, токму поради својата политичка припадност, нема да имаме проблеми и нема да дискутираме на начин на како што досега дискутиравме.

Ние можеме да дискутираме и да се потсетиме на расправата во Парламентот на Обединетото Кралство кога на дневен ред беше точката, дали припадниците на вооружените сили на Велика Британија треба да учествуваат во интервенцијата во Ирак, или не. Би ве потсетил дека парламентарното мнозинство на актуелниот премиер на Велика Британија, господинот Блер ја откажа послушноста, шефот на дипломатијата на Велика Британија исто така беше доста активен во јавноста и знак на протест се повлече од таа позиција. Господинот Блер и неговиот кабинет предлогот го бранеа. Господинот Блер и министерот односно секретарот за одбрана, господинот Хилм, помина со гласовите на припадниците на на конзервативците, особено со онаа порадикална односно потврдо крило, во рамките на конзервативците, популарно наречени туриевци. Јас не се сеќавам, освен оние носители односно членови на Кабинетот на господинот Блер кои во знак на протест напуштија и позиции од неговиот кабинет, како што е шефот на дипломатијата.

Јас не се сеќавам во рамките на Лабуристичката партија, или воопшто во Британскиот Парламент да имаше дебата како господинот Блер и раководството на Лабуристичката партија ќе се пресметува со дел од пратениците членови на Лабуристичката партија кои во тој момент важен за опстанокот токму на Кабинетот на господинот Блер, ја откажаа таа послушност. Ако тоа го расчистиме, ќе ни биде многу појасно и за она што говорев во претходнот дел. Значи, јас во времето на Владата на господинот Љубчо Георгиевски бев член или дел од таа администрација и тука е ирелевантно јас дали сум бил вклучен, или не сум бил вклучен во процесот на донесување на политички одлуки, но, јас и тогаш и сега стојам зад Владата од

1998 до 2002 година на господинот Георгиевски. Свесен, или несвесен за делот, или несогласувајќи се со дел од критиките кои се однесуваат на таа Влада и истакнувајќи, а тоа сме го правеле често, политички одлуки кои биле во интерес на Република Македонија и во севкупната демократизација на македонското општество.

Проблемот што некои за жал носители на пратенички мандати се откажуваат себеси од некаква политичка одговорност или неприфаќајќи, бирајќи што да прифатат, значи да го прифатиме само доброто, а кога не критикуваат, тогаш, ние не бевме тука, бевме на службен пат, ние не слушнавме, нас не не известија, конечно, ние не сме од оваа земја, мислам да не го губиме драгоценото време на Парламентот, тоа е сепак прашање на индивидуалната пригода, домашното воспитување и воопшто културата на меѓучовечко однесување. Значи, да ги оставиме тие прашања надвор од денешната дебата. Ние имаме Предлог-закон, дали ќе биде прифатен, или нема да биде прифатен, верувам дека на сите ни е јасно во никој однос ниту за јота нема да си ги смени своите полилтички убедувања, со една разлика дека дел од вашите колеги во Парламентот кои не се истомисленици со вас, се во опозициониот блок, довчерашни припадници на партија која беше владеачка партија во Република Македонија, стојам зад она што е направено во името на таа владина администрација, во името на таа партија, полемизирајќи со критиките и со пофалбите кои се однесуваат на таа владеачка гартнитура односно на таа конкретна администрација. И тука нема ништо спорно. Непријатно е да се свати дека ова е поттикнато од односите во ВМРО. Реков, во ВМРО, не се грижите, односите се така како што треба, или како што доликува. Можеби треба да размислуваме во насока на крајот на краиштата, колку на дел од пратениците ваши колеги во Собранието односите во некоја конкретна политичка партија ги оневозможуваат или ги овозможуваат во работата. Јас на пример не чувствувам нешто посебно дека сум оневозможен од некоја претерана активнсот на некои мои колеги, па дури и да е така и да сум оневозможен, или да имам некакви проблеми од техничка природа, тоа е реалност и јас ќе ја прифатам како реалност. Но, јас моите обврски, или она што мислам дека треба да го направам, да го застапувам и да се залагам во Собранието ќе го направам независно од ангажманот на дел од нашите колеги пратеници. И вчера зборувавме за Законот за финансирање на политичките партии и јас во една кратка дискусија истакнав дека можеби би требало прво да се фокусираме на изборното законодавство за да колку што можеме помаксимално да ги унифицираме изборите во Република Македонија во поглед на цензус, во поглед на излезеност, сите оние математики кои се прават

претседателски, парламентарни избори, за локалната самоуправа и дури тоа ако дојде на дневен ред, доколку и нешто сакаме да промениме, а неможеме верувајте бог знае колку да промениме и да остане законот таков каков што е сега, или да го измениме, да размислиме да прифатиме во рамките на пропорционалниот модел една поголема флексибилност која постои во изборниот модел на Република Ирска,. Пропорционалниот модел таму не е затворен како што е во повеќето земји во Европа, вклучително и во Република Македонија , туку тој е шетачки ;пропорционален модел кој им се нуди на гласачите и тие заокружувајќи ги имињата сами ја прават таа ранг листа која ние сега ја нудевме, некој од пратениците спомна дека оние пет, шест на листата имаат некакво значење  поинакво од оние од седмото до дванаесеттото место и оние од дванаесеттото па надолу, имаат нешто сосем поинакво значење. Но, ние ќе ги уредиме законски, дали ќе биде добар, или лош законот е прашање на политичко чувство или на она што ние како пратеници во моментов како наш бенефит мислиме дека ќе добиеме, или нема да добиеме. Сепак прашањето за кое ние зборуваме од моја гледна точка е повеќе етичко прашање. И јас сакам како етичко прашање да го третирам. Ќе повторам уште еднаш, а мислам дека сите сме свесни дека ниту ќе се поремети нешто драстично работата на Собранието, ниту пак досега нешто се поремети работата на Собранието, затоа што во рамките на некоја политичка групација, или конкретно во рамките на пратениците од редовите на опозицијата се мислело така, или се мислело онака. Секој пратеник конечно на крајот на краиштата ги сноси во крајна линија решенијата зад кои стои, ставовите кои ги застапува и не е ништо чудно да не се согласува со своите сопартијци, некои може да му се многу добри пријатели, се случува и тоа. И ве потсетувам уште еднаш токму на оној драстичен пример кој се случи во Британскиот Парламент кога британските вооружени сили влегоа во Ирак со одлука, со поддршка токму од пратениците на опозицијата, од пратениците на конзевативвците. Имаше дебата, но тоа не е ништо невообичаено. Има некогаш кога некои работи се прават со помалку такт, се прават грубо, се прават невнимателно и тоа остава впечаток дека бог знае што се случува и обратно, кога одредени работи се прават со повеќе внимание, се прават до дијалог на повеќе учесници кои имаат прилика да учествуваат во одреден политички процес, или во одреден процес за донесување политички одлуки. Дури и кај нас понекогаш се случува за овие 14 години парламентарно живеење, иако рака на срце тоа се ретки моменти кога пратеници од различни политички партии, но кои потекнуваат од ист регион, значи избрани се од иста изборна единица соочени со конкретен проблем кој се однесува конкретно на

гласачите кои живеат таму каде што се избрани, ги здружуваат своите сили и секој се обидува да ги убеди и сопствените сопартијци дека тој законски предлог, или било што треба да се поддржи без оглед што во некои други услови тие двајца пратеници, тројца, или сеедно колку се, имаат сосема поинаков начин на комуникација. Значи некој конкретен интересе ги натерало тие да најдат заеднички јазик. Кога зборувам за политички процес, за донесување одлуки, мислам и на тоа. Во крајна линија јас не сум правник, можеби правниците подобро ќе ја оценат оваа иницијатива и пред Уставниот суд, дали ќе помине или нема да помине, јас не мислам дека моите политички ставови ќе се променат, дури напротив можеби и ќе се убедам во нешто за што и можеби сега има дилема. Но, тоа што јас како пратеник имам намера да го зборувам, да го направам, да го поддржувам во Собранието, ќе го направам независно од тоа кој се претставува, незнам, како носител на политичка групација од каде што ги имаме мандатите. Јас мандатот го имам од ВМРО-ДПМНЕ на изборите 2002 година со една јасна политичка програма која си стои на позициите, се разбира прифаќајќи ги сите промени кои се случуваат од формирањето на ВМРО во 1990 година и немам намера се надевам никогаш да преминувам или да се обидувам да ги омекнувам своите политички ставови. И пратениците од мнозинството се свесни дека и во нивните редови по одредени прашања има несогласување. Се случувало и тука пратеници да не поддржуваат, или да поддржуваат зависно од тоа како тие мислат или колку се поовлечени или повклучени во прашањето кое е на дневен ред.

Јас сакав само да ја истакнам таа етичка димензија и таа фама дека ова е наменско решение, или ненаменско решение, или старото решение било подобро, или не било добро, или во тоа време било направено така како што било, а не требало да биде направено така. Во крајна линија не значи многу и дебатата треба да оди во таа насока. Дали  овие предложени измени на Законот се доволни да се амортизира одредена состојба, не заради мене, не заради два-тројца, не заради 15, или 20 пратеници, туку дали со тоа нешто квалитативно добиваме, ако добиваме нешто квалитативно дали се доволно овие предложени измени, или треба да се интервенира со уште одредени сугестии. Ништо повеќе, ништо помалку.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитуван потпретседателке. Јас ќе го изложам ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека ВМРО-ДПМНЕ како политичка

партија си стои и останува доследна на својот став од 2002 година кога со консензус беше донесен Законот за избор на пратеници по кој што закон сите ние сме избрани во овој Парламент. Со измените што се бараат со Предлогот на законот се кршат моралните начела на парламентарната демократија. Не може да има почитувани дами и господа, политичка партија која што воопшто не била на избори, значи не може да има пратеници во Парламентот на Република Македонија ниту пак пратениците можат да шетаат од една во друга политичка партија според овие, како што кажав морални начела на парламентарната демократија. Во тој случај се губи смислата на изборите кои што треба да бидат и самото Собрание треба да биде израз на волјата на граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почиувана потретседателке, на денешната седница  ни е Законот за избор на пратеници, Законот за измени и дополнувања на Законот за избор на пратеници. Групата пратеници која го поднесе овој закон смета дека во членот 101 став 1 алинеја 4 и 5 директно се крши Уставот на Република Македонија, членот 65 од Уставот на Република Македонија каде прецизно се утврдени состојбите кога пратеникот го губи мандатот како пратеник избран од граѓаните. За друго не станува збор. Значи, ние сметаме дека овие измени кои бараме да се усвојат од Собранието директно го кршат Уставот. Тоа е еднате димензија.

Втората димензија е, и вчера во образлагањето на овој закон реков дека две години, две иницијативи пред Уставниот суд на Република Македонија конкретно се однесуваат на овие две одредби кои бараме да бидат изменети, сеуште немаме одговор од Уставниот суд. Со оглед на фактот дека ние сме законодавен дом и ние можеме да донесуваме измени и дополнувања на законите, а од друга страна пак го повлековме Предлогот на законот за да му оставиме можност на Уставниот суд доколку смета дека ги има сите можни елементи за да донесе решение по однос на овие две иницијативи и затоа одиме во две фази. Му оставаме време на Уставниот суд, доколку и во овој период не се случи тоа, Уставниот суд не се произнесе по оваа одредба, тогаш останува законот да си оди во втора фаза и останува на пратениците во Собранието на Република Македонија да го поддржат, или да не го поддржат овој закон. Јас и вчера споменав и денеска ќе споменам, ние мораме, ако се стремиме да одиме кон Европската унија, тогаш законите мораме прво да ги

усогласиме со нашиот највисок правен акт, истовремено да ги усогласуваме и со европското законодавство, што впрочем го правиме и последните две години.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, би сакал да дадам свој допринос и учество во расправата на Предлог-законот за избор на пратеници и да го кажам своето мислење. Најнапред би кажал дека не го прифаќам предлогот за изменување на Законот за пратеници некаде во средината на мандат на еден Парламент кој што е избран ;по еден закон. И сега во средината на мандатот, истиот да се менува. Менување на Законот за избор на пратеници по логика на самата материја која што ја регулира тоа може да се прави на крајот од мандатот за едни наредни избори. Досега дел од пратеници и предлагачите се изјаснија претежно дека постојниот закон односно измените на истиот закон од 2002 година се спротивни на Уставот. Јас би се запрашал себеси, а би ги прашал и колегите, дали тој закон некој ни го донел на нас некаде од надвор. Исто Собрание, Републичко Собрание ги донело тие измени на постојниот закон за избор на пратеници во 2002 година и го решила така како што е решено засега. Прашањето дали е уставен, или е неуставен, јас сметам дека прашањето е од политичко правна природа и веројатно во 2002 година постоеле причини зошто се менува Законот во тој дел. Сепак, постојниот закон сметам дека е уставен и законит, затоа што сепак, регулира една правна материја за едно стабилно Собрание и стабилна политичка состојба во Република Македонија. Не можам да прифатам никако барем со сегашниот закон за избор на пратеници каде што имаме исклучиво пропорционален модел и каде на изборите се јавиле политички партии кои што мислеле да се јават за да учествуваат во работата на Собранието, да имаат свои пратеници, завршила изборната постапка и се направила целосна листа на ниво на Република Македонија секоја партија колку пратеници има.

Во истиот закон е регулирано доколку некој од пратениците ја напушти партијата, односно се откаже, тогаш си има листа како доаѓаат на ред. Ако во изборите една политичка партија добила одреден број на пратеници, најмалку сакам да зборувам за тоа што се случува во ВРМО-ДПМНЕ и дека е повеќе од други побуди, отколку од правен аспект, некоја партија ако на изборите добила 5, или 20 пратеника, таа ќе ги има до крајот толку, не може да има помалку.Секој оној пратеник индивидуално кој не се согласува со полилтиката на својата партија на која

што е пратеник, тој има право да се повлече, да се отпише. Тоа е исто и во политичките партии членувањето, ако не се согласува со политиката која што ја води партијата, тој ќе си даде оставка и тогаш може да помине во друга партија.

Инаку, избран пратеник во една политичка партија да помине во друга партија, сметам дека е катастрофа за Република Македонија од политички аспект. Што би било сега пратениците од СДСМ да поминат во некоја друга политичка партија, ја губат позицијата, како што се случуваше и во претходниот мандат. Не може такво нешто и сметам дека пратеникот нема толку ингеренции. Пратеникот се изјаснува односно  тој го земал суверенитетот на огромен број граѓани кој го пренеле кај него тој да ги застапува, а неговите права на одлучување се дефинирани. Не мора да гласа како што е неговата партија, туку тој гласа по сопствените убедувања и сега постои тоа и од пратеници кои се во позиција и од пратеници кои се во опозиција. Нема строга директива некој да мора така да гласа.

Од тие причини сметам дека било што да се размислува ако постојат празнини во Законот за избор на пратеници, тоа се прави на крајот на мандтот, за едни наредни избори, никогаш не би можело на сред мандат некој од пратениците да шета било каде. Тој е избран по една политичка платформа на некоја политичка партија и таму може да делува. Може да не гласа, да не поддржува нешто, внатре во партиите си има и координација и политички тела и може таму да се изјасни дека нешто не е во ред со политичката платформа, а доколку не се согласува со нешто, јас излегувам, ќе одам било каде. Сметам дека тоа не е во ред, и не би гласал за ваков закон за сега.

Инаку, ако би било на крајот на мандатот, може да расправаме за еден одобар закон, за едни пратеници кои ќе бидат избрани по таков закон, тој што ќе е на денот на изборите, а не може после денот на изборите да го промениш сосема обратно  и дадеш голема слобода.

Благодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

Како претставник на предлагач от госпоѓа Којзеклиска .

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ние со колегата Ефтим Манев, откако е поднесен законот во собраниска процедура дебатираме на оваа тема дали има потреба овој закон да се донесе сега или нема потреба, меѓутоа, она сега што колегата Ефтим Манев го кажа само едно ќе кажам.

Точно е дека Предлог законот за избор на пратеници е донесен на крајот на мандатот на претходниот состав во 2002 година со консензус на политичките партии односно со политички договор и со политичка волја. Колегата Ефтим Манев можеби не знае, меѓутоа, тогаш се водела дебата, некој од колегите спомна во однос на образложението за уставноста токму на овие две алинеи и во тогашниот закон за избор на пратеници, меѓутоа, како што реков и претходно тоа било политички договор и политичка волја.

Сега сме 2004 година, реалноста во Република Македонија денеска е ваква што не значи дека во иднина нема да продолжи да биде таква или поинаква. Значи, ние мораме малку визионерски да ги гледаме работите прво во тој дел и второ, што според мене е најважно да ги усогласиме со Уставот.

Колегата Ефтим Манев, по мене не даде доволно аргументи за тоа дали овој закон е во согласност со Уставот или не, меѓутоа, јас ќе поставам една друга дилема. Што ќе стане, како што спомнав пред малку, доколку пратеникот или повеќе пратеници немаат намера да изјават дека преминуваат во друга политичка партија, а биле избрани на листа од таа соодветна политичка партија, значи мнозинството од пратениците од таа пратеничка група смета дека или натаму планира да не дејствува така како што било во платформата, партијата не  го ислучува, каков е тогаш статусот на тој  пратеник во овој парламент и како тоа ќе се продуцира на функционирањето, нормалното функционирање на Парламентот во Република Македонија. Значи едноставно не се согласува со програмата или она што го наведува како што рече колегата строга директива, тоа беше во однос на одлучувањето од раковоеството на партијата, партијата не го исклучува, тој пратеник чии интереси ќе застапува, на која политичка партија?

Во однос на тоа дека политичката партија што не учествувала на избори нема право да формира определена политичка парламентарна група, јас сепак нема да се согласам со ваквиот став затоа што и пред малку реков и сега ќе кажам граѓаните гласаат за определена политичка програма, политичка платформа со која настапуваат определени политички партии кои, согласно законот за избор на пратеници, се должни да дадат листа на кандидати со точно наведени имиња и презимиња и пак ќе повторам, колку граѓаните ќе гласаат за партијата, партијата внимателно ги избира, за тоа мораме сите да бидеме свесни, кои лица ќе бидат првите 10, првите 5, а што е најважно кој е биде носител на листата за да можат граѓаните да се определат за таа политичка програма и платформа.

Овде се наметнува прашањето што доколку пратениците кои се избрани од таа политичка партија остануваат да ги бранат ставовите предвидени во програмата и платформата на таа политичка партија, а имаме одстранување од таа политичка програма од раководството на таа политичка партија. Што во таков случај?

Значи дилемите се многу почитуван колега, вие знаете месец дена дебатираме на овој проблем и за да ги немаме и понатаму таквите проблеми, а да бидеме во согласност со Уставот, барем овие измени во Собранието да минат и да се бришат алинеите со кои на пратеникот му престанува мандатот, доколку изјави дека преминува во друга политичка партија или по негово барање, бара да му престане членството во партијата. Ќе ве потсетам, ние вчера го донесовме законот за политички партии каде се вели дека секој член има право слободно и доброволно да истапи од партијата, а секој член е потенцијален кандидат за пратеник во Собранието на Република Македонија.

Затоа сметам дека вашите аргументи во овој дел не држат, а доколку излезе потреба за дополнително објаснување, слободно можеме да продолжиме да дебатираме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Ефтим Манев за реплика.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Би сакал само на две работи да одговорам на колешката Којзеклиска.

Истата појанси дека во 2002 година Парламентот имал дилеми дали законот е уставен или неуставен. Тоа е основно правило на Парламентот да се труди, законите да ги носи во согласност со Уставот и тогаш парламентот го донел тој закон. Дали е уставен или не, може да одлучи само Уставниот суд. Ова е прејудицирање, ние донесовме, а сега ќе се вратиме пак назад. Тоа е по едно.

Другото прашање  што го зафати за другите работи не сакам да одговорам, кажав дека што би било доколку некои пратеници од политичка партија кои се избрани не се согласуваат со политиката на партијата, ако не ги исклучи партијата што ќе бидат тие. Тие ќе си бидат пратеници на таа политичка партија, а нивното право на одлучување е индивидуално. Така е решено и со Уставот. Нема друго, еве и сега јас и колешката сме спротивни. Дали има забелешка во тоа? Нема. Камо среќа да има и обратни мислења за некои работи за да се дојде до правата вистина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на реплика на г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Точно е тоа колега дека Уставниот суд е единствено надлежен да реши, меѓутоа, две години, две иницијативи кои се однесуваат на овие две алинеи кои се во спротивност со Уставот сепак не е доволно време на Уставниот суд да утврди дали алинејата 4 и 5 од членот 101 од Законот за избор на пратеници е во согласност со Уставот или не.

Јас се согласувам дека требало, но што го спречувало Уставниот суд досега да не го реши ова прашање и ние денеска доколку се случеше тоа немаше да го расправаме и законот односно измените на законот за избор на пратеници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен г-динот Чедомир Краљевски на г-динот Ефтим Манев.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Само во една секвенца ќе реплицирам на г-динот Ефтим Манев кога рече дека катастрофа за Македонија ќе биде ако сега пратениците од пратеничката група на СДСМ преминеле во некоја друга политичка партија. Јас мисламдека тоа не е катастрофа, катастрофа ќе биде за Македонија, односно за стабилноста на Парламентарното мнозинство, ако тие гласаат спротивно на нивните партиски ставови. Катастрофа нема да биде ако поминат од една во друга партија и повторно гласаат како би гласале да се во СДСМ. Само во тоа би реплицирал.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на реплика на г-динот Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Јас мислам дека токму тоа се случило во 2002 година, ова се случило пред да се донесат измените, затоа се донесени тие измени.

Сите сме свесни дека голем дел од пратеници од ВМРО ДПМНЕ кога беа на власт почнаа да се разбегуваат, донесени се тие измени и дополнувања, а не за друго, туку токму за зацврстување на политичката стабилност во Република Македонија. Тогаш ВМРО ДПМНЕ имал 50 пратенка, веројатно, не ја знам точната бројка, можеле повеќе да размислуваат отколку сега со 25 односно 30 колку сме. Што е пореално? Дли тогаш Законот бил реален или ова сега што се прави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусии.

Има збор г-динот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувабни пратеници,

Јас сум еден од предлагачите на овој закон и би сакал да дадам свое видување во смисла на тоа зошто ја покренавме оваа иницијатива.

Веднаш да кажам дека Собранието е тоа, по Уставот, кое ги носи законите, има право да ги менува, затоа што законодавната власт е во рацете на пратениците односно на Собранието на Република Македонија. Не е прв пат, а нема да биде ни последен Собранието да донесе еден закон и во повеќе наврати да го менува. Дури не е прв пат и нема да биде последен едно решение кога некогаш сметало дека е исправно по истек на одредени години да каже повторно во парламентарниот дом дека тоа решение сега можеби не е исправно. Тоа е исклучиво функција и надлежност на Собранието на Република Македонија.

Тоа што овде слушам повикување дека Уставниот суд кој ја цени уставноста тоа не е спорно. Меѓутоа, дали ние како пратеници односно како законодаен дом сме врзани за тоа дали Уставниот суд ќе покрене иницијатива или не. Факт е дека за овој закон конкретно за овие измени е покрената иницијатива на Уставниот суд и факт е дека Уставниот суд веќе две години молчи. Не би ме изненадило доколку Уставниот суд излезе со свој став дека не е надлежен ова прашање да го реши, што значи дека надлежноста во контекст е повторно во законодавниот дом.

Јас бев тој пратеник во тој состав 2002 година кога се донесоа измените на Законот за избор на пратеници каде во одредба се вметна и повторно сум истиот пратеник односно предлагач да се бришат тие алинеи за кои тогаш гласав за. Многу пати прашан, еве сега јавно ќе кажам, и тогаш бев свесен дека она што се предлагаше и она што влезе во Законот е против уставно. Меѓутоа, ми беше јасно и друго дека во тој момент постоеше една политичка клима, да не речам општ консензус во сите парламентрни партии претставени во Парламентот и врз основа на тоа донесовме таков закон за кој сите бевме свесни дека е против уставен со тоа што кажавме на крајот на краиштата дека Уставниот суд е тој што ќе одлучи дали е уставен или не. Таа пракса продолжи до ден денес.

Сега, кога сме конкретно на она што се предлага, убеден сум дека овде од многу други пратеници слушнав дека уставниот основ не е спорен за она што ние го предлагаме, дека има уставен основ и дека е таа една од причините поради која го предлагаме овој закон.

Меѓутоа, не би сакал тоа многу да го образложувам, би се задржал само на некои работи кои стојат во Законот за избор на пратеници. Сега, кога станува збор

како пратениците односно кандидати за пратенци се кандидираат дали сте сретнале во Законот за избор на пратеници, дека на кандидатите на листа кои конкурираат и се кандидираат на политичка партија се бара писмен документ од кој ќе се види како доказ дека тој кандидат е член на политичка партија. Се барала ли таква работа? Во Законот нема таква одредба.

Исто така дали во тој закон стои одредба дека откако пратеникот односно кандидатот ќе биде избран за кандидат е обврзан да не го смени своето политичко мислење односно слободно, согласно своето лично убедување. Дали постои таква одредба? Не. Со оглед да не постои таква одредба нема кочница за нешто друго, значи можеме да зборуваме во тој правец.

Дрго, би сакал конкретно да го потсетам г-динот Јанаќе на едно од основните начела на Уставот, тоа е слободата  и правата на човекот и граѓанинот слободно да се здружуваат и да основаат политичка партија преку одредбите кои стојат во Уставот. Сега, ако зборуваме за слободи и права секој граѓанин, а граѓанин е и пратеникот слободно да се здружи, слободно да пристапува и слободно да истапува од политичка партија, како можеме со Закон за избор на пратеници тоа право да му го ограничиме. Значи, директно го повредуваме Уставот. Тоа е во контекст на Уствот покрај членот 65 за кој дискутираме.

Тоа е ако веќе се занимаваме со уставни одредби или со законски одредби. Меѓутоа, бидејќи дискутираме за потреба од донесување на овој закон, бидејќи е прва фаза, јас би се задржал токму на оние две клучни прашања кои г-динот Јанаќе ги постави. Тоа е прашањето, зошто токмуу сега се предлага ваков закон и на кого му треба овој закон. Епа, г-дине Јанаќе еве вие бевте сведок заедно со мене денеска, слушнавте од еден пратеник кој искажа став на пратеничка група на ВРМО ДПМНЕ дека пратеничката група не го поддржува овој закон и дека нема да гласа.

Само да ве потсетам дека предлагачи на овој закон се група пратеници токму од ВМРО ДПМНЕ. Кажете ми сега дали со ова што го видовте денеска не се гледа дека овој закон  има потреба да се донесе, кога секој може да стане и каже став на некаква пратеничка група прво затоа што не е овластен, второ од свое име и трето да зборува за став на политичка партија која во основа овде како што седиме очигледно не знаеме кој е ставот..

Дали оваа група пратеници која го поднела овој закон има намера да прави нешто во иднина , тоа никој не може да го знае, а не е ни предмерт на дискусија. Оваа група на пратеници која го предлага овој закон се занимава и го предложи овој закон од чиста практична примена за да служи онака како што треба да служи,

согласно Уставот, а дали некој ќе формира нова политичка партија, што после ќе биде, тоа е друга работа.

Исто така бевме повикани тука, исто така од еден пратеник кој што кажа исправно би било да ги вратите мандатите, а мислам дека и г-динот Јанаки во тој контекст зборуваше вратете ги мандатите, формирајте си партија ќе се видиме на наредните избори. Г-дине Јанаки и тој другиот што го кажа тоа, кажете ми во која одредба од закон пишува дека сме должни или дека треба да ги вратиме мандатите за да преминеме во друга политичка партија. Кажете ми во која одредба тоа го пишува? Не го пишува, така ли е?

А јас да ве прашам како правник, колега со колега што подразбирате вие од изјави дека преминува во друга политичка партија. Објаснете ми го тоа. Јас искрено не знам што тоа значи. Дали тоа значи дека откако ќе се видиме надвор, не на нови избори, туку надвор, откако ќе ви кажам вас г-дине Јанаки јас од утре можеби поминувам во друга политичка партија, дали е тоа изјава дека преминувам во друга политичка партија. Што подразбирате вие под тоа? Дали тоа значи?

Имаше овде една дилема кога г-динот претседател на Собранието побара од пратеникот Љубе Бошковски да му достави лично писмена изјава дека дава оставка и настана дилема како да се даде оставка од пратеник. Дали може усно, или писмено, дали треба усно или писмено, дали треба лично итн. Јас би ве прашал сега конкретно што значи изјава. Дали тоа значи писмено да се изјави, да се изјави на ПРЕС конференција да се изјави во муабет, да се пофалам некаде на страна, Значи не е јасна.

Друго, да ве прашам како правник. Што мислите, зошто стои алинејата - по негово барање да му престане членство во партијата. Зошто токму таа. Мислите ли дека е тоа уставно.

Кога се носеше законот не беше вака, туку стоеше без "негово барање да му престане членувањето во политичката партија". Тоа беше прва варијанта, меѓутоа тогаш се замисливме сите што се може да се случи. Може да се случи господоне Јанаки она што денеска се случува. Да ви се појави некој лидер, ќе ве гледаме кога вие ќе го изберете во СДСМ, и врз основа на една таква одредба да ве исклучи од партија. Тогаш ќе дојде во примена - да му престане членството во политичката партија. Да ве прашам тогаш колку членови ќе останат во СДСМ доколку дојде лидер, човек за кој вие не сте гласале. Каде е тогаш самостојноста, независноста и се она што Уставот го предвидува за пратеникот.

Да ве прашам поконкретно. Што ако таква одредба постоеше, каде денеска ќе беше г-динот Марјан Ѓорчев. Него раководството на ВМРО-ДПМНЕ го исклучи од членство, но тој и понатаму е пратеник. Е сега се отвора суштинското прашање.

Како исклучен не може да биде ни независен, неможе да биде ни во друга политичка партија, кои политички програми сега г-динот Ѓорчев ќе ги застапува. Каде е тука законскиот и уставниот основ? Каде е тука отстапувањето од програмата и кој по суштина Устав?

Ако му дадеме такви права, како што вие се залагате до каде можат да одат лидерите јас ви кажам. Кај нас конкретно Марјан Ѓорчев беше прв, втор беше Љубе Бошковски, трет дојде Љубчо Георгиевски, четврт дојдов јас, ме разрешија од заменик координатор, иако не бев заменик координатор. Морам да ви кажам и зошто. Затоа што не сум активен во Собранието. Значи, не сум активен, замислете од 87 седници Караџоски зборувал на 85 и за тие две што не сум зборувал сум разрешен.

Да ве прашам и друго. Жарко Караџоски како пратеник во Собранието, видете го извештајот од невладиниот сектор, редовен е максимално. Неоправдано отсуство нула, оправдано отсуство нула. Колку Жарко Караџоски ги застапува интересите и политичката програма за која што е избран можат да судат граѓаните. А како суди раководството на ВМРО-ДПМНЕ ќе ви кажам. Жарко Караџоски е разрешен од сите функции во партијата. Објаснете ми го тоа. Зошто? Затоа што врз основа на некаков си статут ние популарно наречено ВМРО статутарна се држи со сила и членство и се друго.

Е, па, неможете г-дине Јанаки и сите оние кои поминаа во тој правец ниту со статут, ниту со закон, како што е вака да ги држите пратениците, ниту пак членството со сила. Прашањето кој отстапува од политичката програма, да зборувам за СДСМ не ми е место, ама да зборувам за ВМРО-ДПМНЕ можам до утре сабајле и прашањето кој отстапува, ќе ви кажам еклатантен пример.

Сите сте вие сведоци и јас сум сведок а и граѓаните сведоци. Се носеше Законот за територијална организација на Република Македонија. Да ве потсетам кои пратеници, како што викавте вие ве малтретираа овде цели 15 дена. На која политичка партија и на која политичка група, затоа што во тие редови не го видов раководството, не ги видов тие што денеска кажуваат дека нема да го подржат, а застапуваат некаков си став на пратеничка група, не ги гледам. Не ги гледам, многу малку овде зборуваат, ама сега ги гледам на кампања за референдум страшно

активни. Зошто? Кој сега тука отстапил. Дали ние кои што можеби благодарение на нашите дискусии, нашата активност се собраа потписите, се реализира иницијативата денес да имаме референдум, или пак тие кои што беа пасивни а сега имаат ново ангажирање во..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Караџоски, се извинувам но морам да ве опоменам да не се претвори ова во кампања за друга партија. Да се дискутира за прашањето, ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Зборувам за оној дел каде се зборува за отстапување од програмите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Како да премина во промоција на друга партија. Сепак да се држиме за прашањето.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам.

Значи, прашањето за тоа дали некој отстапува од политичката програма, од она кога е некој биран и како е биран е многу деликатно прашање. Најголемо прашање е кој тоа ќе го цени? Јас ќе ви кажам - исклучиво граѓаните на Република Македонија. Тие ќе го дадат својот суд.

Сега се враќам на она што вие прашавте -зошто токму сега?

Затоа што, почитуван колега, не и требаше многу на Република Македонија, не ни требаше многу и нас како пратеници, па лично моежеби и мене да сватиме дека 2002 година направивме грешка. Не ни требаше многу. Тоа е едната работа.

Втора работа, на Република Македонија и е потребна демократија. На граѓаните на Република Македонија им е потребна демократија, а не да држите некого со сила некаде заради некакви две алинеи да застапува нешто , за што прашање е кој од што сте. Токму тука е проблемот. Дали има трансфери или нема да има трансфери не можете вие категоријата пратеник да ја сведете на сменување и преоблекување на дрес. Не е така. Ако било така немало Уставот да ја издигне функцијата пратеник над сите функции, затоа што Уставот зборува за пратеник како институција. Таму убаво се кажува. Во Уставот ниту стои мнозинска листа, ниту стои пропорционална листа. Уставот не познава такви, познава закони.

Значи дали ние како пратеници сме биле на една пропорционална листа, или на мнозинска листа нема врска, важат одредбите и за едната и за другата.

Дискутабилно е прашањето кој повеќе добива? Дали пратеникот што е на листата од партијата или можеби партијата од тој што е на листа? Инаку, би било, би

се гласало само за партија, без името на кандидатот. Гласај за партија, ако е се во рамките на партијата, па потоа ќе додадеме кои кандидати да бидат. Значи не е случајно пропорционалниот модел да се базира на листа на кандидати кои што внимателно се бираат. Тука е дискутабилното прашање -кој повеќе добива, дали партијата или кандидатите кои што станале пратеници. А, за тоа повторно времето ќе каже и граѓаните кои што стално настапите на пратениците ги препознаваат и преку партиите, но и партиите добиваат.

Еве сега јас едно директно прашање и до вас и до сите тука да размислите. Иако, почитуван колега сум разрешен од партиските функции, разрешен од се до ден денеска мене раководството на ВМРО-ДПМНЕ не ме исклучило од партија. Ве прашувам зошто? Затоа што му е потребно она што сега го зборував. Секој став, секоја моја дискусија доколку е добра дава поени во некоја политичка партија од која јас сум ставен на листата. Во секој случај доколку не е така до денеска сигурно немало да ме држат, би ме разрешиле и од член на партија со тоа што не би знаел после која категорија би ја имал. Незнам, можеби после оваа дискусија и тоа ќе се случи.

Значи причини има. Потреба има и таа е неспорна. Устаниот основ е неспорен, дали она што сега ние го предлагаме во рамките на она што ние го предлагаме како решение треба да биде така, или треба да се додаде, или треба да одземе е прашање кое ќе го решаваме во втората фаза. Заради тоа една од причините е што го повлековме предлогот на законот.

Дали сме ние во право како предлагачи, или некој друг, повторно ќе каже времето одкога се надевам овој закон ќе биде изгласан до втората фаза да го слушнеме и јавното мислење, и мислењето на стручните лица по оваа област и на политичките субјекти и на граѓаните на крајот на краиштата кое ќе ни овозможи како предлагачи да оцениме дали ќе одиме со предлогот на закон, во кој правец и со која содржина.

Значи тогаш кога ќе дојдеме до тој степен, ако воопшто дојдеме, ако денеска помине, ќе ги отвориме сите прашања и јас мислам дека треба да дојдеме до едно решение, решение кое во секој случај треба да биде согласно Уставот и ние да се грижиме овде да се  спроведува Уставот барем во законскиот дел. Тоа е тоа поради кое сме го направиле.

Нашата волја да го повлечеме предлогот на законот беше таа што некој велеше сме ја дефокусирале јавноста, или моежеби ако овој закон денеска се донесеше можеби нема да успее референдумот. Заради тоа ние го повлековме и

даваме простор и можности за вакви дискусии, со ваши забелешки и ваши мислења да дојдеме до нешто што навистина ќе биде добар текст, текст кој што во секој случај ќе биде во согласност со Уставот, а не со потребите на поединци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен г-динот Јанаке Витановски.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски тоа што си го имате вие решете си го во вашата партија. Немојте вашите проблеми да ги префрлувате во Парламентот.

Уште една моја сугестија. Немојте да вршите притисок врз Уставниот суд да носи одлука ваква или таква. Мислам дека тоа не е коректно.

Дали законот е греашка или не е, тоа сте вие. Вие сами кажавте јас бев тој што го гласав овој закон и јас сум тој сега што бара да биде изменет. Како можете да ги менувате вашите ставови, еднаш вака, еднаш онака. Значи законот е правен за политичката партија. Во тој момент сте имале пратеници кои ви бегале од партијата, па како да ја заштитите партијата ќе донесеме ваков закон , измени и дополнувања и со тоа нема да ни бегаат од партијата. Сега рековте дека, да не навлегувам во вашите партиски работи, јас сега ова го гледам како лично ваше барање да се најдете во некоја друга партија. Ако вие мислите дека можеме ние сами да излеземе на избори, јас како Јанаке Витановски вие како Жарко Караџоски, а не како по.литичка партија тогаш тоа е друго прашање. Јас реков во моето излагање - во овој состав на парламентот нема ниеден таков. Сите сме овде дојдени по пропорционалниот модел односно на листа која што ја предложило регистрирана партија. Ние врз основа на таа листа и на таа партија сме овде во Парламентот. Ние дадовме програма пред граѓаните, ветивме тоа, тоа и тоа, ќе направиме тоа, тоа и тоа и ние како пратеници тоа треба да го застапуваме. Каде ќе ни биде моралот, каде е вашиот морал утре да излезете пред граѓаните. Како ќе се појавиме ние повторно пред изборите. Изборите идат за две години, локалните избори идат сега, како ние ќе излеземе пред граѓаните и ќе речеме да ние сме сега од оваа политичка партија и ги застапуваме овие интереси. Сега не, извинете одиме во друга партија. Што ќе се случи, шетачи од една во друга политичка партија. Дали ќе имаме тогаш стабилна Влада, стабилен Парламент.

Во однос на оставката, членот 52 од Деловникот за пратеник вели дека пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието и може да ја образложи. Г-динот Љубе Бошковски не е тука неможе да ја образложи таа оставка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со контра реплика.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Колега Јанаке, како ќе се појавиш пред граѓаните на Неготино тоа е клучното и круцијално прашање. Знаејќи ја состојбата навистина ти е тешко да се појавиш пред нив. Тоа што ти таму си ветил..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Караџоски јас ве молам внимавајте при обраќањето.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа го спомнав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислев на обраќањето, легитимитетот, имаме некое вообичаено ниво на обраќање, па да го задржиме тоа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За на избори зборувам г-ѓо потпретседателке.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За обраќањето на “ти” реагирам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро.

Значи, г-дине Јанаке како ќе излезете вие пред вашите гласачи тоа е клучно прашање. Бидете сигурни, вие треба со две раце да го гласате овој закон ако сакате кожичката да си ја спасите, затоа што независно дресот на СДСМ со тоа што сте ветиле и тоа што сте оствариле ама шанса нема да гласаат за вас повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусии.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседател, почитувани колеги,

Се потрудив да го прелистам Уставот и членот 65 од Уставот, како и самиот Закон и дојдов до заклучок дека има некои работи кои требаше да ги отстапиме на Уставниот суд, но и покрај тоа самата иницијатива за измени и дополнување на закнот за избор на пратеници не провоцира нас пратениците да дискутираме, сакале или не, овде не вклучува и моралната и етничката димензија, но и правната

димензија. Овие две работи се преплетуваат толку силно помеѓу себе и кога се чита Уставот и кога се чита предлогот за изменување на членот 101 се гледа дека настојува етичката морална димензија.

Доколку се прочита членот 65, почнува со тоа дека пратеникот може да даде оставка, но во нашиот Парламент пратеникот никогаш нема дадено оставка. Овде има една типична димензија која му припаѓа на тоа што е етичко и морално. Доколку се увиди предлогот за измени на законот, член 101, исто така интересно е дека и таму се предлага две алинеи да се отстранат, четврта и петта кои исто така повеќе и припаѓаат на моралната и етничката димензија. Значи ова е интересно,  но и покрај тоа така е.

Но, ние сме овде колеги,  и во оваа состојба јас мислам дека не треба да навлеземе многу да оценуваме или да даваме наши проценки од етничкиот и моралниот аспект, бидејќи покрај се, сите ние на еден начин, не сме се оправдале самите себеси како пратеници, за да почитуваме една политичка теорија, дека со дисциплинирани партии и партии кои  легализираат на еден начин своја фракција во своите редови, тие подобро ќе ја изградат демократијата и плурализмот. Кај нас е проблем, законот не може да ги предвиди некои појави, бидејќи се случуваат некои појави,  кои во другите земји се прават компарации, споредби и не се случуваат такви работи. Но како и да е,  во овој случај, ние имаме една состојба, еден проблем,  кој се случува во една парламентарна група и поголема опозициска парламентарна група во ова Собрание, која ние треба да ја почитуваме, и сигурно овој проблем преку измените и дополнувања на Законот за избор на пратеници треба, или има потреба да се реши во самата парламентарна група, во овој случај во ВМРО-ДПМНЕ. Навистина е дека  без да настојувам да се мешам во овој случај, како што се вели со еден политички речник во внатрешните работи на ВМРО-ДПМНЕ, нам ни се пласира на еден начин една должност за која треба  да дадеме и наше размислување и нашата определба да ја искажеме, гласајќи да или не за овој закон. Во овој закон, измените каде што се бараат. Се додека проблемот остане внатре во една парламентарна група, тогаш ние другите пратеници, малку полесно ни е во оваа насока, бидејќи тоа е еден проблем кој на еден начин треба да го решат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи нивниот судир, нивното несогласување или во однос на концепт или нешто друго во самата партија. Проблемот би бил уште почувствителен и поголем, бидејќи сега законот преку оваа иницијатива отвара една голема друга врата, која евентуално може да се случи, а и се случило. Во една купопродажба или трансфер на пратениците од партија во партија, или од една

парламентарна група во друга парламентарна група, не само што го прави Парламентот нервозен, туку го прави нервозен и самиот граѓанин. Значи ги донесуваме во неповолна состојба самите граѓани и во една состојба кога тие полека ја губат довербата на пратениците како парламентарна целост, но и како поединци, затоа често пати имаме сондажи, аспекти за тоа што е авторитет на самиот Парламент. Значи тие се многу ниски и биле многу ниски во последниве години во однос на овие сондажи и за ова придонесуваме самите ние. Но бидејќи сме во фаза и понатаму, кога во политичките партии и понатаму продолжуваат профилирањата, значи политичките партии кај нас сеуште ја немаат извршено фазата на нивно профилирање, било со кадар, било во однос на концептот или нивната определба, тогаш јас мислам дека и овој пат ние треба да овозможиме една политичка партија, или една парламентарна група која е дел од овој Парламент, каде сме сите останати, да им дадеме можност да го решат внатрепартискиот проблем, или внатре во парламентарната група и со вакви измени, или со ваква иницијатива, со овој закон, Прашалникот останува во тоа какво ќе биде правното образложение во највисоката инстанца за ова прашање, во Уставниот суд. Доколку има некоја одлука, или би следела некоја одлука на Уставниот суд која ќе биде во колизија со нашата волја за да и помогнеме на една парламентарна група, како што е групата ВМРО-ДПМНЕ, тогаш се разбира, дека овде завршува сето тоа што значи колегијална волја на една парламентарна група за да се реши проблемот во рамките на нивната партија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Станковса имате реплика три минути.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Ќе бидам многу кратка. Сакам само да реплицирам со еден дел од излагањето на колегата. Тој рече дека ова сега што се расправа во Парламентот е последица на случувања во една парламентарна група и би требало да се реши во самата парламентарна груа на ВМРО-ДПМНЕ. Ако тоа е така, мислам дека самата точка не заслужува такво внимание и толку одвоен простор и време во Парламентот.

Повеќе сакам да верувам дека Предлогот за изменување на законот за избор на пратеници е принципиелен и од правен аспект предизвикува дилема, дали кореспондира со Уставот или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов имате реплика три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуваниот колега навистина во голема мера се обиде да амортизира одредени дискусии и да ја заврти дискусијата во насока на таму каде што треба да биде. Значи дали станува збор за концепциска разлика, но за жал, ние сме во моментот, јас барем како пратеник понекогаш сум оневозможен, или сакам да го истакнам последниот пример кога можеби и претседателот на Собранието беше злоупотребен кога се обиде во Собранието јавно да се каже дека е сменет заменик координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Сакам да кажам дека господинот Караџоски никогаш во овој состав не бил заменик координатор. Значи не станува збор само за концепциска разлика, туку станува збор за елементарно непознавање на односите во сопствената пратеничка група која овде два-тројца се обидуваат помпезно да речеме понекогаш да зборуваат во мое име, иако, ниту ме прашале, ниту очекував да ме прашаат, ниту делам некои ставови идентични. Значи проблемот е од техничка природа и не би сакал јас да бидам спомнуван во контекст на одредени политички состојби, или обиди кои се прават, но ако бевте најмногу во право, да бевте во право, особено за концепциските разлики. Имено, како повеќето граѓани јас бев во ситуација од претседателските избори да го следам последното пишано интервју од двајцата претседателски кандидати и јас се изненадив кога претседателскиот кандидат, кој се обидуваше да се наметне како кандидат на Конзервативната десница, таму пишува дека омилен политичар му е поранешниот претседател на САД, Кенеди. Мислам не да постои тука елементарна концепциска разлика, затоа што вие знаете дека ние како Конзервативна десница, имаме релации во сосема поинаква насока. Значи станува збор не толку за концепциската разлика, колку за елементарно непознавање на одредени процедури, кои се дловнички регулирани во Собранието, а да не зборувам за она елементарно ниво на познавање, кој за што се залага, а истовремено се обидува да се промовира себеси да зборува во името на некаква конзервативна десница, а притоа да се обидува да се поврзе себеси со модерната , ќе ве спомнам и вас, почитувани колеги од СДСМ, европската социјалдемократија во крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите недостасуваше и поранешниот канцелар Вили Бранд да го кажеа. Ние имаме тесна соработка со сосема друга политичка опција од Сојузна Република Германија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Којзеклиска имате реплика, или како предлагач.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе, во однос на она што го дискутираа претходните дискутанти, вклучително и господинот Вејсели, сакам само да укажам на две работи. Не е точен фактот дека преминувања од една политичка партија во друга политичка партија, иако тоа не е основната интенција, за кои се бараат овие измени, не постои според господинот Вејсели во земјите од ЕУ, меѓутоа, на последната посета на делегацијата на Парламентот на Полска имавме пример од колега кој пред да дојде во Република Македонија, односно во Скопје, само што извршил трансфер или премин од една политичка партија во друга политичка партија, што не го спречува сеуште да биде член на делегацијата за соработка на Парламентот на Полска и Парламентот на Република Македонија.

Јас сакам да се осврнам на дискусијата на господинот Вејсели и оние претходни дискусии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо Којзеклиска. Јас имам информации дека господинот Вејсели не зборувал.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Тоа е господинот Исмет Рамадани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Така е.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Се извинувам почитуван колега Рамадани, можеби очекував господинот Вејсели да зборува и затоа, ако не е Рамадани тогаш е Вејсели. Значи ова не е помош како што сакаше почитуваниот колега да каже, за да се средат определени состојби. Имено и претходните дискутанти тоа го кажуваа, туку бараме законот да биде усогласен со Уставот. А што Уставниот суд до сега не се произнел, тогаш ќе треба господинот Исмер Рамадани да го праша претседателот на Уставниот суд зошто овие две иницијативи кои се поднесени две години стојат во фиока, според мене неоправдано и неосновано.

Значи интенцијата е да го усогласиме овој закон со Уставот на Република Македонија, без притоа да се бара помош за консолидирање на определени состојби во определена политичка партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Фатмир Асани, имате збор.

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, бидејќи сите сме забележале дека членот 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија е во спортивност со Уставот, односно со членот 65 од Уставот, јас мислам дека овој член од Законот треба да се измени, без оглед како ќе одлучи Уставниот суд, за да не ја чекаме одлуката на Уставниот суд.

(Во салата не се слуша преводот бидејќи има дефект на електричната енергија).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(Објавувам пауза до 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Ги молам пратениците да дојдат во салата.

Ги молам службите да гоутврдат бројот на присутните.

Ве молам, седнете на своите места.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните).

Почитувани пратеници во салата се присутни 68 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменвуање на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

2.Предлагачите на законот пратениците Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Орданчо Тасев, Спиро Мавровски и Ѓорѓи Оровчанец ќе изготват и на Собранието ќе му достават предлог на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправатана седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела , како и стенофрафските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачите на законот пратениците Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Орданчо Тасев, Спиро Мавровски и Ѓорѓи Оровчанец.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, 63 гласале за, тројца воздржано, а 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за изменување и донесување на Законот за тутун, со Предлог на закон.**

Предлагач е пратеникот Жарко Караџоски.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопаснтво, Дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Караџоски, а потоа нека се подготви пратеникот Хисни Шакири.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, ова е втор обид како пратеник каде што го поднесувам Предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за тутун и тоа во контекс на она што го презедовме ние како пратеници но и Владата дека навистина се потребни ...

(Во салата се случа џагор, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам да се сослушаме.

Причекајте малку г. Караџоски.

Благодарам.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани колеги, ова е втор обид како пратеник што го поднесувам Предлогот на закон за изменвуање и дополнување на законот за тутун и да ве потсетам дек ане така одамна имаше предлог од страна на Владата,кој што Предлог помина во прва фаза и овде парламентарното мнозинство го прифати иусвои. Да, има потреба, согласно тој Закон, тој што се усвои, има потреба во оваа област да се донесе нов закон. Тој закон беше за измена и дополнување на Законот за тутун. Помина подолго време, како пратеник чекав Владата да излезе со нов текст. Додуше, еден текст дојде во Собранието на Република Македонија, кој што не беше многу различен од првата варијанта. Сите сме сведоци дека Владата го повлече тој

Предлог на закон. До ден денеска немаме нов текст на Предлог на закон, така што јас го искористив своето Уставно право и еве, по втор пат се обидувам на некој начин да укажам, односно со некои одредби да го регулирам она прашање што сметам дека е многу битно прашање.

Зошто прашањето на тутунот е многу битно, ќе ви дадам почитувани колеги еден вовед како би можеле да ја насочиме дискусијата во таа насока.

Производството на тутун, а особено производството на ориенталски, ароматичен тутун, зазема мошне значајно место во агроиндустрискиот комплекс и игра важна улога во економскиот развој и вкупното стопанство на Република Македонија.

Неговото значење може да се види и од фактот дека производството на тутун првенствено еизвозно ориентиран. Од големо значење е и неговото непсоредно учество во формирањето на националниот доход на Република Македонија. Исто така, тутунот, како трудоинтезивна култура има големо значење од социјален аспект, како во примарното производство, така и во тутунската индустрија. За илустрација ќе ви презентирам неколку податоци:

Во примарното производство што се движи од 25 илјади до 30 илјади тони суров тутун во лист, ангажирани се околу 40 илјади домаќинства. Или, приближно 200 илајди производители. Изразено во проценти тоа би изнесувало околу 10% од вкупното население на државата.

Просечното производство на ферментиран тутун се движи од 22 до 26 илјади тони, а на цигари, просечното производство во земјата изнесува околу 10 илјади тони.

Во тутунската индустрија се ангажирани околу 8 илјади работници. Со извозот на ферментиран тутун и цигари се остварува голем извозен ефект и тоа во вредност од 80 до 120 илјади американски долари, што претставува околу 9,5% од вкупниот извоз што се остварува годишно од Република Македонија. Сето ова зборува дека тутунот зазема навистина битно место како производ во Република Македонија и како култура и заради тоа треба да водиме сметка и како пратеници и како власт, што со оваа култура понатаму.

Откупените количества на суров тутун, зависно од реколтите, осцилира и во оснвоа таа се движи од 30 илјади тони во 1990 година, па околу 20 во 2000 година. Но, наредните години 2001, 2002 па и 2003 година бележи поголеми количини на откупени количини, затоа што тутунот, како производ, претставуваше доходовна

гранка, но и единствена гранка која што од социјален аспект претставува замена за и онака тешката економска состојба во Република Македонија.

Од сите овие аспекти, кај мене се јави потреба да интервенирам во правец онака како што го предложив овој закон. Значи, јас и понатаму мислам дека државата, поточно Република Македонија, треба да води грижа за тутунопроизводството во правец на тоа што значи нејзина влијателна и главна улога. Како пратеници бевме сведоци дека варијантата на законот што ја поднесе Владата оди во спротивен правец, каде што државата се отргнуваше од улогата фактор во тутунопроизводството, оставаше на тутунопроизводителите сами да се грижат и за производството и за пласманот, а улогата на државата која што според постојните одредби од Законот сепак е битна  мислам дека треба да остане и не само тоа туку и да се зајакне.

Сите би ве потсетил и како претставници на политички партии и како пратеници, како претставници на граѓаните дека скоро сите, во своите изборни програми сме ставиле посебно место за тутунопроизводството. Скоро сите кога сме излегувале пред граѓаните, особено оние пратеници кои гравитираме од областите каде тутунопроизводството е главна компонента, сите сме кажувале дека ќе се грижиме за тутунот, односно ќе водиме сметка во таа насока да ја подобриме состојбата.

Не би сакал тука да цитирам одредени цитати на политички партии што во своите програми пишувале, меѓутоа мроам да кажам дека во основа, горе- долу сите сме идентични. Тутонот го сметаме за жолто злато, сите ќе се грижиме да водиме сметка за стабилен и сигурен откуп на тутунот, зборувам како власт, како Влада, дека Владата на Република Македонија ќе го поттикнува и помага тутунопроизводството, производството на цигари, извозот и т.н.

Меѓутоа, во сите овие моменти, во овие две години откако Коалицијата за е на власт, мора да констатираме дека тутунопроизводството во Република Македонија е во опаѓање. Тоа упатува на заклучок да се прашаме сите од кои причини е тоа така? Дали одеднаш граѓаните го изгубиле интересот да произведуваат тутун или пак нешто друго се случува?

Морам да потенцирам дека последните две години откупот на тутунот во Република Македонија се врши навистина во отежнати услови, се врши со недефинирани цени, во недостаток на загарантирана цена, во недостаток на некоја поактивна улога на државата, така што самите производители се оставени сами на себе да се снаоѓаат и да го нудат тутунот таму каде што можат да добијат повисока

цена. Меѓутоа, сето тоа влијае врз тутунопроизводителите, врз нивната сигурност, но и врз стимулансот како и колку наредната година да се подготви таа култура.

Можеби од сите овие податоци кои што во аргументи за или против овој предлог на закон можат да држат многу, но еден е основен, а тоа е дека во овој момент Република Македонија со толкав број на невработени лица, можеби единствената сламка на спас на граѓаните, барем во оние места каде тутунот е доминантна култура, е таа сламка на спас да се произведува тутун за да може да се опстои. И, ако сега работниците и граѓаните не сме ги заштитиле на некој друг начин со тоа што ќе им овозможиме да влезат на работа, да земаат плати, да живеат достоинствен живот, би требале како држава да застанеме барем онаму каде што самите, преку тутнопроизводството си обезбедуваат леб и да го стимулираме тоа производство, па не само да го стимулираме, туку и да го заштитиме на начин како што еве, на некој начин јас го предлагам со овој Предлог на закон.

Значи, имајки ја улогата, не би сакал да зборувам што значи да се произведува тутун, тие кои доаѓаат од местата од каде јас потекнувам, Прилеп со Прилепскито крај, Стумица со Струмичкиот па и Кумановскиот крај добро знаат што значи производство на тутун. Тоа е една мака што оној кој не ја работел не ја знае. Тоа е една работа што цело семејство буквално го држи врзано за таа работа подолг временски период во годината, каде што не само дирекниот, конкретниот тутунопроизводител, туку и целото семејство е доведено во една позиција дека мора да го работи, па и малолетни деца, големи и т.н. за да можат на некој начин да го сработат, бидјеки тоа е долг процес и една макотрпна работа. Не се казнува директно само тутунопроизводителот, туку се казнува целото семејство ако тоа производство не биде платено или ако некој не застане во заштита на тоа производство.

Последните години, сите вие почитувнаи колги сте сведоци дека откупната цена на тутунот гравитира. Последната година се движеше од мизерни 30 денари па до некаде 70-80 и т.н. Исто така , последната година, па и претходната недостасуваат заштитните додатоци, како да ги кажам, на откупната цена, доколку е таа таква каква што беше, стимулативна и т.н. од страна  и на откупните претпријатија, меѓутоа и од страна на државата, каде што на некој начин би требало да се стимулира тутунското производство.

Заради такви ниски цени, заради плаќање на тутунот, нестразмерно на трудот и несразмерно на сите оние приходи што ги остваруваат откупните претпријатија, па и самата Република Македонија во рамките на Буџетот преку даночниот систем, ние

можеме да ја доведеме оваа култура во еден процес што можеби ќе значи изумирање.

За тоа да не се случи, пред вас почитувани колеги, поднесов закон, кој што закон во начело, во основната поента на законот е зајакнување на улогата на државата во рамките на она што значи тутун и она што значи негово производство.

Овој закон што го предлагам има прва и основа цел да биде во заштита на тутунопроизводителите. Значи, да немаме дилеми, законот не штити никого освен тутунопроизводителите. Тргнувам од нивната позиција затоа што нивната мака и нивната судбина е најтешка. Оние показатели што ви ги кажав овде колку граѓани на Република Македонија се бават со оваа култура, околу 220 илјади директно вклучени, 8 илајди кои во тутунопроизводството односно во претпријатијата, тоа е една огромна бројка или 10% од вкупното населени. Тоа значи дека, во секој случај, доколку сме социјална држава, декларирани со Уставот на Република Македонија, треба да водиме сметка за таа категорија на граѓани да не дојде да ја изгуби и таа култура што на овој начин носи некаква егзистенција.

Што е тоа што јас го предлагам? Нема некои којзнае какви новини. Го задржувам курсот што во постојниот Закон сеуште гравитира, иако имаше најави од Владата дека тоа ќе биде укинато. Според мене, тутунот и понатаму треба да остане добро од општ интерес во Република Македонија, нешто што е регулирано во членот 3 од овој закон. Владата излезе со предлог дека тоа треба да се брише, тутунот да не е добро од општ интерес,. Јас сметам дека треба да остане, затоа што навистина тоа е добро од општ интерес , од сите оние причини што сега ги кажав.

Меѓутоа новина е што јас додавам да Владата на Република Македонија, во тој член, да определува и заштитна цена, за тутунот што се откупува во тековната година. Во Предлогот на законот правам обид со одредени членови да ја определам и висината на заштитната цена, поточно заштитната цена за откуп на тутунот да влезе како законска категорија, со тоа што ќе дава обврска на Владата да таа самостојно утврди, во зависност од оние околности што на пазарот постојат и во зависност од тоа што значи колку луѓе работат со оваа култура.

Меѓутоа, има тука еден заштитен механизам што го предлагам, а тоа е заштитната цена што еднаш ќе се утврди, во тековната година, за наредните одлуки на Владата никогаш не се спушти под она што е веќе утврдено. За тоа што на тој начин не сме направиле ништо ако може да ја корегираме во секој момент. Тоа ќе создаде обврска на Владата да сериозно ги земе сите параметри кога ја утврдува заштитната цена.

Мислам дека, односно сигурн сум дека до 1999 година владите на Република Македонија носеа и имаше заштитна цена на тутунот што беше од некаде 100 и нешто денари, а од 1999 година наваму Владата не донеал одлука за заштитна цена. Можеби е тоа една од причините поради која што состојбата со тутунопроизводството е таква каква што е.

Исто така, во законот предлагам да се воведе субвенционирање на тутунот. Има тука одредби што сум ги навел во делот на сместување и обработка на тутунот, затоа што во сегашниот текст не стои, нема одредби за зместување на тутунот.

Потоа венсувам една новина што на некој начин е истоветна со предлогот на Владата, а тоа е да тутунот можат да го откупуваат покрај домашните и странските претпријатија. Но, да не го оставиме тоа на слобода на странските претпријатија, ставам една клаузула со која што странските правни лица да бидат регистрирани во Република Македонија за вршење на таа дејнсот, за вршење на откуп на тутунот.

Следните членови се однесуваат на тоа каде треба да биде сместен, во какви простории, законски да биде регулирано. Во понатамошните одреби правам обид она што до сега беше проблем, тоа беа одредени содржини што во договорот за склучување напроизводство на тутун помеѓу купувачот и тутнопроизводителот не достасуваа, а сега се корегирани и со закон, се стави обврска да тие одредби односно тие елементи постојат во договорот.

Тоа се: кога треба да почне откупот, кога треба да заврши, по која цена, значи стрикно треба да биде одредена цената итн. Сето е во правец на она што е измена на овој закон.

Јас, почитувани колеги во текстот на законот направив обид да се измени членот 25 каде се предвидуваше, доколку откупните претпријатија не можат да го откупат тутунот, тоа да го направи Бирото за стокови резерви. Тоа е како став 3. Во став 1 и 2 давам право на тутуно производителите кои склучиле договори, да имаат право да го раскинат договорт, согласно Законот за облигациони односи и да може да склучат договор со некој друг кој ќе го откупи тој тутун, затоа што се јавуваше проблем, тутуно производителите да склучат договор со откупувачот, а тој да не го откупи тутунот и да не го исплати. Се поставуваше прашање, што со тутуно производителите, како тие да си го наплатат својот труд во ситуации доколку претпријатието односно откупуважот падне во стечај или ликвидација. Тоа е едната работа.

Втората работа е, доколку тутуно производителот не знаел, а го предал својот тутун на претпријатие кое во моментот кога тој го предал не знаел дали

состојбата е пред стечај или ликвидација. Значи, во тие ситуации, став 1 и 2 од законот зборува, да може да има право тутуно производителот да го раскине договорот и во такви ситуации својот тутун да го продаде на други место или на некој начин да дојде до ефект од она што го произведува.

За ставот 3 предвидов состојба, во сите оние моменти каде откупениот тутун е предаден на откупувачот, меѓутоа не е наплатен, а поради состојбите што ги кажав претходно, цената на тутунот да биде исплатена од страна на Бирото за стокови резерви, според заштитната цена што Владата на Република Македонија ја утврдила. Меѓутоа сите вие сте сведоци дека во меѓувреме поднесов амандман каде предложив тој став да се брише, од познати причини, а тоа е поради тоа што во меѓувреме додека јас го изготвував текстот на овој закон, тоа е на 24 септември, истиот ден, нормално подоцна откако јас го поднесов законот, Собранието го усвои Законот за стокови резерви каде во тој закон тутунот повеќе не е во категоријата на стокови резерви, така што овој член не може да има примени, доколку биде усвоен, затоа што Бирото за стокови резерви не би можело да го врши тој откуп, доколку во тој закон не е предвидена таква одредба. Значи тоа е таа причина поради која го поднесов амандманот. Втора причина е поради која на комисиите каде се раcправаше за мојот закон, имаше доста забелешки на тој член и од правен аспект и од аспект на тоа што сега го кажав. Останатите одредби се однесуваат на делот од раскинувањето на договорот и неколку члена се од технички карактер, да речеме зборовите “републички инспекторат за земјоделство и шумарство” да се заменат со “државен инспекторат за земјоделство” кое е усогласување со останатите закони.

Не би сакал премногу да должам, материјата е доста позната.

Сметам дека има потреба од овој закон, особено во овој момент кога, еве месец октомври е, за некој месец треба да отпочне и откупот на тутунот, не би било лошо да имаме една регулирана материја, регулирана законска регулатива со која и на оние кои произведуваат тутун и на откупувачите би му ставиле еден простор, оној труд кој во годината е вложен, и она што е сработено, на некој начин да има сигурност кај тутуно производителите и воопшто кај граѓаните на Република Македонија. Значи, ако сите тргнеме од она што сме го кажувале, ако сите тргнеме од програмските определби за кои овде многу дискутиравме деновиве, но најмногу да тргнеме од позицијата на тутунопроизводителите, на сите оние граѓани кои со мака доаѓаат до својот денар, би требало во овој правец и нешто да направиме.

Јас го имам мислењето на Владата, го имате и вие. Владата не го прифаќа овој закон односно сугерира да не го изгласате, од проста причина што, наводно

Владата ќе поднела свој закон каде оваа материја ќе ја реши системски. Меѓутоа, на таквите ветувања чекаме долг период. На крајот на краиштата ништо нас не не запира затоа што уставна категорија сме и ние како предлагачи на закон и не е секогаш битно што Владата ќе предложи, битно е и ние пред нашите гласачи да излеземе барем со порака, ако ништо друго барем до Владата, да ја иницираме односно да и кажеме дека оваа категорија, овој дел од она што се вика производство на тутун, треба да биде регулирано што поскоро. Јас се надевам дека кај некои пратеници можеби ќе предизвика внимание овој закон и се надевам на ваша поддршка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Гешоски, имате реплика на воведното излагање.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Да

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате три минути.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Колега Караџоски, точно е дека во неколку наврати Собранието на Република Македонија на седници расправа за состојбата со тутунот, односно тутунопроизводството и јас во голем дел се согласувам со вас по однос на значењето на тутунот и тутунопроизводството во Република Македонија, како за државата, така и за самите тутунопроизводители односно граѓаните кои директно или индиректно се инволвирани во оваа сфера на земјоделието, и понатаму како индустриска гранка.

Точно е дека законот кој Владата го повлече, кога беше првата фаза, и јас и вие, а многумина пратеници, речиси од сите пратенички групи, критички се осфрнавме на тој текст на законот и точно е дека втората фаза, Владата на Република Македонија ја повлече од собраниска процедура односно можеме да кажеме дека Владата имаше слух за она што ние како пратеници го говоревме односно за нашите несогласувања со таквите законски решенија.

Она што вие го предлагата во вашиот предлог на закон, во голем дел навистина држи место и јас се согласувам со тие решенија што вие ги нудите, велам во голем дел, меѓутоа, сепак многу работи остануваат недоречени, некажани и ние

во овој момент пак би имале недоволно квалитетен закон за тутун, со овие ваши измени што ги предлагате.

И самите кажавте дека добивме известување, Владата на Република Македонија подготвува еден системски закон. Тој закон е во завршна фаза. Го подготвуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија, закон ќе го третира тутунот, што значи севкупниот процес што досега беше расцепкан во неколку закони.

Јас сметам дека би било добро вие како предлагач да го повлечете овој ваш предлог и да го сочекаме она што значи системски закон, од Владата на Република Македонија и тогаш по него да се произнесеме и да изнајдеме навистина квалитетни законски решенија, пред се за тутунопроизводителите. Затоа аплирам до вас, повлечете го овој предлог закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски имате една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Колега Гешоски, на Владата ништо не и смета и овој закон да се усвои.

Тоа што вие го кажавте дека таа изготвува некој целосен закон, тоа воопшто не е смета доколку овој закон е усвоен затоа што и сега имаме Закон за тутун. Мојот предлог е измена и дополнување на овој закон, така што ништо не и смета на Владата да поднесе предлог на закон со кој системски ќе ја реши целата оваа област.

Меѓутоа, сакам да напоменам една работа дека во овој закон, можеби една од најглавните точки е тоа што јас предвидувам заштитна цена, а да не заборавиме дека наскоро треба да почне откупот на тутунот и добро е тутунопроизводителите да знаат со која цена, барем како заштитна, можат да располагаат при предавањето на тутунот и наплаќање на нивната мака. Тоа беше, почитуван колега и еден од амандманите каде можеби заеднички настапивме во оној претходен текст. Така што не и смета ништо на Владата ако овој закон се усвои, а нека изготви, кога смета таа, нов закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Крстевски вие се пријавивте за реплика или за збор?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас би имал една процедурална интервенција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мојата интервенција се состои во следното:

Самиот парламентаризам и нашата собраниска активност подразбира интерактивен однос, бидејќи и кога Владата предлага закон и кога пратеници или граѓани предлагаат закон нужно е да се води дијалог. Отсуството на претставник на Владата кога предлагач е пратеник ја дезавуира функцијата на парламентот и мислам дека нема смисла водење на расправа и дијалог помеѓу пратеници и повикување на тоа што Владата ќе работи и како ќе работи. Според тоа, мислам дека треба да инсистирате на присуство на претставник за да се води компетентна расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Крстевски, деловнички предлагачот е потребно да биде присутен. Предлагачот е тука, вашето повикување на креативност можам да го сватам од аспект да се води дијалог. Но, ако бидеме толку зависни од Владата, тогаш ние како пратеници тешко можеме да бидеме и независни и да си носиме закони. Без разлика дали се пресутни или не се присутни од Владата, ние поднесовме закон, како пратеник, Владата не ни треба, даде извештај и ние можеме да го донесеме или да не го донесеме. Не сте во право, бидејќи деловнички, нема потреба да бидат присутни.

Повелете господини Шаќири имате збор.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

На дневен ред имаме закон кој се однесува за земјоделски производ кој е од големо значење во Македонија, кој има едно посебно и заслужно место за целото земјоделие во Македонија, а тоа е Законот за тутунот.

Предлагачот, тоа што го има изготвено, имајќи го во предвид фактот дека потекнува од една средина која е тутунопроизводна, прилепскиот дел потоа Радовиш, Куманово и други делови во Македонија. Веќе долго време нема законски третман по ова прашање и сега засега тутунопроизводството во Македонија е осватено на стихијата и никој не знае што да прави, како да постапи. Сите жители во Македонија кои ја обезбедувале својата егзистенција преку одгледувањето на тутунот, денеска немаат никаква гаранција на својот  живот. Предлагачот на овој закон се потрудил ова прашање да го регулира, имајќи го во предвид тоа што се

случува последните години. Истовремено тоа е и еден поттик до Владата и еден момент да се потсети Владата во кој правец се движиме тука и колку сме направиле да им понудиме помош на тутунопроизводителите во овие критични моменти.

Јас сум дел од оваа власт, сум пратеник кој непосредно учествува во коалицијата. Некој со право ќе каже денес, Хисни Шаќири денес ја има позицијата на опозиција. Ве молам не станува збор за позиција и опозиција. Ние сме пратеници. Се соочуваме со еден проблем, денес во ова Собрание, а тоа е многу голем проблем. Жалам што мнозинството од пратениците не се присутни во моментот на седницата. Ние со недели дискутиравме за точки од дневниот ред за кои јас констатирам дека ја немаат својата тежина и не заслужиле тие точки, со цели недели, можеби и со месеци да се одолговлекува нашето работење во ова Собрание, трошејќи максимални средства од Буџетот. Денес имаме едно многу значајно прашање, исклучително значајно прашање и не сме спремни да се сослушаме меѓу себе, да го ислушаме и предлагачот на овој закон. Јас ги проследив со внимание. Можеби забелешките што ги кажа пратеникот од СДСМ, овој предлог не е совршен, не е од тоа ниво, но ќе ви кажам, од тоа што се случувало досега во оваа област, бидејќи јас доаѓам од една средина каде имаме тутунопроизводители, имам предвид еден факт. Ќе ви го кажам, иако е многу голем. Некој може да се прашува дали јас ја говорам вистината.

Тутунот е откупен во 2003 година, крајот на мај и јуни месец. Тоа не смее да се случи, а тоа се случило во 2003 година, кај нас е откупен еден дел од тутунот, не знам колку тони, 200 и повеќе тони, со една вредност во пари, некаде над 10 милиони денари или 170 иљади евра. Значи сеуште не е исплатен тутунот кој е откупен во 2003 година и никој не одговара за овој парадокс што се случува во нашето општество. Некој ќе каже јас немам одговорност, некој ќе каже решението на овој проблем треба да се бара на друго место. Не. Сите граѓани, сите семејства кои живеат и се државјани на оваа даржава, се што им се случува сите овие проблеми треба на законски начин, државните институции, да ги решат. Овој проблем досега никој не го решил. Зошто се случувало ова? Тоа се случува како резултат на тоа што не сме имале закон. Законот постоел, но тој закон што е во сила го нема регулирано ова прашање за кое говорев. Еве сега се случуваат работи кои тутунопроизводителот го довеле во една тешка состојба. Доколку појдеме од еден принцип, да ги видиме сите објекти за откуп на тутунот, јас ќе почнам од тутунскиот комбинат во Куманово што е еден објект каде се инвестирало со генерации. Значи

во тој објект се инвестирало доста, можеби и пред 1912 година, значи уште од времето на Османлиската империја. Тие објекти се изградни со потта на тутунопроизводителите. Денеска тој објект, зборувам за Тутунскиот комбинат во Куманово, не служи за ништо друго освен да спијат гулабите и други птици кои ги носи патот за Куманово. Сите тие инвестиции, сета таа технологија, се што се инвестирало во тој објект, денес е запоставено и никој никому не полага сметка. Ние сме во фаза на приватизација, го прифаќаме тоа, но некој кој има тесни интереси и математиката не му излегува како што сака, бидејќи тој сака да добие од приватизацијата на тој Компбинат и за да ја наполни својата ташна со пари, сега на нечесен начин да дојде до еден капитал, тој ќе направи разни малверзации и опструкции и не се дозволува приватизација во многу области од производството, па токму во овој Комбинат. Постоела заинтересираност од надвор за приватизацијата на овој објект, меѓутоа тоа не се остварило. Сега, жртва, или целата штета, ја сноста тутунопроизводителите. Во Куманово имало села каде тутунопроизводството достигнувало до 400 тони тутун, а сме имале некаде повеќе од девет села, и самиот град, источниот дел на Куманово, кој произведувале еден друг тип на тутун, “Јака” и “Џебел”, додека другиот дел селата од Карадачието го произведувале типот “Отља”, вид на тутун кој имал посебна арома, кој бил баран и на светскиот пазар.

Тој тутун денес не се негува, како резултат на тоа дека никој не се интересира за ова прашање и никој не презема мерки да го стимулира ова производство. Сега треба да се постави едно интересно прашање пред нас и пред сите. Зошто овие проблеми се премолчуваат, со години овие проблеми се премолчуваат. Јас со една голема сериозност ќе ви укажам дебатираме за едно многу значајно прашање од кое зависи и развојот на земјоделието во Република Македонија. Да не претендираме и да немаме илузии дека ние можеме да се приклучиме со тешката индустрија, бидејќи првенствено немаме моќ и сила ниту економска, но можеби и во недостаток на многу други ресурси кои не би сакал да ги спомнам, ние неможеме да стартираме. Кај нас земјоделските производи се главната основа на нашиот развој. Кога говорам за земјоделски производи, да не ги набројувам сите по ред, јас ќе го спомнам тутунот. Но да не го заборавиме и производството на грозјето и виното кое имаше голем квалитет во Македонија а денеска се помалку се одгледуваат овие земјоделски производи и немаат никаков третман и никој не се интересира за стимулирањето на овие земјоделски производи за кои контстатираме дека земјиштето на Македонија е многу поволно за одгледување на овие земјоделски култури. Предвидени се неколку одредби на овој закон, јас гледам дека предлагачот

се потрудил да го дефинира ова прашање. Добро е што бара да се гарантира откупната цена на тутунот, добро е што бара субвенции, добро е што бара со овој закон повеќе обврски. Досега не дека не сме имале гаранција за тутунот, туку немало ниту заинтересираност за откупот на тутунот. Во 2004 година ќе ви кажам дека во делот на кумановско не можат да се најдат ниту сто тони тутун. А едно време во минатото се произведувал со милиони тони во оваа област, во овој дел на Македонија. Зошто ни се случува ова? Владата рече дека ќе го подготви тој закон и треба да го сочекаме тој закон. Се согласувам со тоа. Значи, ние треба да ги координираме работите со Владата, бидејќи треба да дадеме сметки едни кон други и ние треба на граѓаните да им дадеме сметка, но Владата треба на ова Собрание да му даде сметки. Јас не би сакал да одам во тој стил да обвинувам некого, туку ова прашање и овој проблем е многу значаен. По ова прашање кое што ни е на дневен ред би било многу добро да излеземе со еден заклучок, доколку не постигнеме да го усвоиме овој закон, значи, да ја задолжиме Владата во еден одреден рок на Парламентот да му предложи еден закон за тутунот. Би ве замолил да внимавате, бидејќи ова е многу значајно и сериозно прашање. Сите ние имаме по една плата, значи од овој Парламент сите земаме по една плата, додека денес во моето село Отља  многу семејства кои традиционално секогаш биле семејства кои имале една економска стабилност, занимавајќи се со тутунопроизводство, тие денес се соочуваат со егзистенционални проблеми. Каде не воведува нас оваа политика? Овие прашања се доста сериозни и на нив треба сериозно да им приједеме. Јас не сум за тоа ние да брзаме и да се занимаваме со обвиненија, туку ние  да одиме во насока да ја поттикнеме и Владата за да преземе конкретни чекори за решавањето на овој проблем, бидејќи решавањето на овој проблем што побрзо да биде ќе влијае на економската стабилност на земјава. Ова треба да ни биде јасно и да го имаме во предвид. Доколку говориме за стопанството и како дел на стопанството, значи земјоделието, а како зе,мјоделски производ го имаме во предвид тутунот, мислам дека ќе направиме еден голем исчекор и конкретен чекор, значи ќе им дадеме можност на сите тутунопроизводители кои имаат една долга традиција од генерација во генерација, значи и многу интелектуалци било албанци, или македонци кои се од постарите генерации нивните семејства ги школувале со одгледување на тутунот. Значи, Македонија има долга традиција на тутунопроизводство и таа традиција да не ја изгубиме, бидејќи немаме друга можност да се ориентираме и да земеме нешто поконкретно. Затоа Министерството за земјоделие, мислам дека треба оваа дебата, се согласувам со тоа дека претставникот од Миистерството за земјоделие треба да

го следи ова прашање. На крајот на краиштата кај нас владее една состојба која воопшто не се контролира во секторот на земјоделието, тогаш ние неможеме да говориме за други прашања. Имам впечаток дека досега ниту еден конкретен чекор не е преземен во оваа насока. Затоа јас прецизно дискутирав и реков, кога се на дневен ред неколку теми, со недели дебатираме, а за ова многу чувствително прашање и многу значајно прашање некој мисли што побрзо да го завршиме. Не, доколку има потреба со недели ќе дискутираме на оваа тема. 120 пратеници нека се јават по два пати, по три пати да земат збор, да им овозможиме и да им дадеме услови на тие семејства кои сакаат да се занимаваат со тутунопроизводство. Предлагачот на законот рече, 8000 семејства се вработени во оваа индустрија. А колку други семејства се занимаваат со тутунопроизводство? Еве, да направиме една математичка анализа и да дојдеме до еден заклучок. Каква значајна работа ќе направиме доколку понудиме едно законско решение и да направиме една стимулација на овој стратешки индустриски производ. Затоа би ве замолил уште еднаш за ова прашање да бидеме што посериозни бидејќи оваа тема заслужува да покажеме една сериозност и како претставници на граѓаните од Македонија ние имаме морална обврска за ова прашање да покажеме конструктивност, еден рационален пристап и да дојдеме до тоа што можеби и Владата да се убеди дека Министерството за земјоделие посебно велам како министерство кое го покрива ова прашање во еден одреден и утврден рок да ни предложи закон. Доколку овој закон не се усвои, јас за себе ќе ви кажам дека јас ќе гласам за овој закон. Јас сум дел на коалицијата, но овие прашања неможам да ги премолчам, бидејќи доколку премолчиме значи не дискутираме, не говориме и не се занимаваме со овие проблеми, во суштина кај нас се укажува еден опортунизам.

И на крајот ќе завршиме на срамен начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ова не е реплика, туку како предлагач имам право да се јавам во одбрана на она што го предлагам. Мене ме радува што колегата Хисни Шаќири навистина добро го сватил и го разбрал она што јас го предлагам. Ме радува и тоа што еве, кажа јавно дека и ќе го поддржи законот. Само би сакал да го корегирам во една работа, што тој кажа дека јас во моето излагање сум спомнал дека 8000 се ангажирани во тутунската индустрија. Да, тоа е точно, меѓутоа да не ги занемариме оние 200.000 производители кои што директно учествуваат во тутунопроизводството.Значи овие

8000 се во тутунската индустрија, а 200.000 се тутунопроизводители и тоа е една огромна сума некаде околу 10% од вкупното население. Значи, во контекст на она што се дискутираше и од господинот Шаќири, но и од моја страна навистина е една бројка која е импозантна и за која што треба да водиме сметка. И во тој правец значи, ако решенијата кои што се нудат овде и за останатите пратеници се прифатливи, значи не мора да се повикуваме на се она што ќе го направи Владата. Ќе ве потсетам Владата поднесе еден закон, ние тој го усвоивме во вид на прва фаза и се до ден денеска тоа го немаме. Ние неможеме особено овие 200.000 производители неможат да чекаат до недоглед кога тоа Владата ќе го направи. Имаме наша уставна позиција и треба да ја искористиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Најнапред една кратка реплика, а после ако може со дискусија.

До господинот Хисни Шаќири.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вклопете ја во вашата дискусија.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Значи на почетокот во делот на несогласувањето со господинот Хисни Шаќири. Во огромен дел од дискусијата која што се однесуваше на огромното значење на тутунското стопанство за Република Македонија, целосно се согласувам.

Сега сакам една корекција, односно укажување на господинот Хисни Шаќири на некои моменти за кои што сметам дека не е информиран. Значи, после усвојувањето на првата фаза од страна на Собранието каде што беше предложена од страна на Владата, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до нас како Собрание беше доставена конечна верзија на Предлог-законот за тутун, која што конечна верзија мораме да кажеме дека не беше добра, имаше позитивни работи, меѓутоа оние работи кои што се однесуваат во однос на тутунопроизводителите и во однос на изземање на државата во нејзините обврски, не беа добри. Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство едногласно гласаше против тој предлог на закон и заклучокот беше Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го повлече Законот, односно да се повлече тој закон и да се пристапи кон изготвување на еден системски закон кој што закон ќе одговори на приликите кои што се слични во соседството и во државите

членки на Европската унија. И тоа беше прифатено од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку група формирана од Комисијата која што директно разговараше и прифатено од страна на Владата. Значи, Владата знаеме дека ретко повлекува закони и таа се согласи со барањето и заклучокот на Комисијата матична која што едногласно со сите пратеници и од СДСМ и од ВМРО и од ДУИ гласаа за повлекување на овој закон. И сега се наоѓаме во состојба кога Владата го повлекла законот само пред неколку месеци, и е во тек на изработка на сосема нов закон во кое што е вклучено Министерството за економија и кое што нешто се прави во сите наши соседни земји каде што се произведува тутунот. И ние сме доведени во ситуација и слушаме дискусии во кои што тие постапиле по барање на Комисијата, а сега ги обвинуваме зошто толку брзо не е изготвен овој закон. Тоа беше само пред неколку месеци. И сега навистина сметам дека оди во правилна насока подготвката на овој закон, бидејќи не ни треба некое избрзано решение за месец или два порано, затоа што откупната сезона почнува за помалку од два месеци, туку ни треба комплетно решение кое што ќе биде слично на законодавството кое што се спроведува во соседните земји и кај земјите членки во Европската унија. И ова укажување до господинот Хисни Шаќири е чисто добронамерно да се укаже на тоа што се случуваше.

Во однос на предлогот на господинот Караџоски, да дадам еден увод на почетокот. Собранието на Република Македонија на 3.11.2003 година го донесе Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун во прва фаза кој што беше предложен од страна на Владата на Република Македонија, односно на соодветното министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Голем број на суштински забелешки, мислења и предлози што беа изнесени од повеќе пратеници на таа седница не беа прифатени од страна на предлагачот и не беа внесени во предлогот на закон за тутун кој што пред неколку месеци беше доставен до Собранието на Република Македонија.

На седницата на матичната собраниска комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство Предлогот на закон за тутун едногласно беше одбиен со исклучок на еден член на Комисијата и беше предложено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го повлече прделогот на закон за тутун и да пристапи кон изготвување на посоодветен и подобар закон, вклучувајќи ги притоа Министерството за економија и Министерството за финансии во самата подготовка на овој закон.

Денес пред нас е доставен Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун од страна на пратеникот Жарко Караџоски. Иако се очекува до Собранието на Република Македонија наскоро да биде доставен Предлог на закон за тутун во завршна фаза предложен од Владата. Пред да се осврнам по Предлогот на господинот Караџоски, сакам да укажам на важноста на тутунското стопанство во Република Македонија и сите активности поврзани со примарното производство, обработката, пласманот, односно потрошувачката на тутун и на производи од тутун и нивното огромно влијание врз економскиот, социјалниот и политичкиот амбиент во нашата држава. Самите бројки кажуваат дека повеќе од 20.000 хектари земјоделски површини се под тутун и дека тоа е близу 7% од вкупните засеани површини во нашата земја, дека во примарното земјоделско производство на тутун во минатите години биле ангажирани близу 200.000 луѓе а тоа претставува околу 25% од вкупното активно население, односно 35% од земјоделското население во Република Македонија. Оваа бројка континуирано опаѓа и во следните неколку години се движи на околу 120 илјади луѓе кои што директно егзистираат од оваа земјоделска култура.

На регионален план, а посебно во прилепскиот, струмичкиот, радовишкиот, битолскиот и крушевскиот регион тутунопроизводителите се од 20 до 30% од активното население, а близу 60% од земјоделското население што само по себе значи дека и приходот од тутун значајно влијае врз развојот и динамиката на останатите стопански дејности  во тие региони. Тутунопроизводителите во овие региони и немаат некој голем избор и затоа на многу од нив производството на тутун им е основна дејност. Тие немаат некоја друга подобра алтернатива, бидејќи било која друга земјоделска култура на тие исти површини не го враќа назад она што се добива од тутунот. Посебно треба да се нагласи дека производството на тутун во нашата земја битно влијае на подобрувањето на високиот билансен дефицит во земјата во однос на надворешната трговска размена, односно дека се остварува нето девизен прилив од околу 80 милиони долари. Во бруто домашниот приход тутунот учествува со високи 5%. Сите овие бројки, самиот карактер на тутунското производство и неговата стратешка димензија, традиционалното знаење и умеење на нашиот народ со години наназад да произведува квалитетен тутун ни укажува на тоа дека се работи за стратешка култура на нашата земја. Затоа на Република Македонија и е потребен соодветен и добар закон за тутун кој што ќе одговара на општествено економските и социјалните услови кај нас, Закон за тутун кој ќе создаде основни услови за натамошно опстојување и одржлив развој и унапредување на

тутунското стопанство во земјата, со цел да се постигне квалитетно и конкурентно одржливо производство барем за некои 25 тони на тутун кое би обезбедило достоинствен живот на нашите тутунопроизводители. Според тоа, навистина има потреба од донесување на нов системски закон за тутун. Меѓутоа, не ваков каков што се нуди денес од господинот Жарко Караџоски, туку ни треба закон за тутун со кој ќе се регулираат целосно условите и начинот на производството, откупот, обработката и прометот на тутунот и на тутунските производи. Затоа е неопходно во новиот закон за тутун да бидат опфатени сите учесници во производството и прометот со тутун, меѓутоа и на преработката од тутун со што целосно ќе се регулираат нивните права и односи. Во изработката на новиот закон мора да бидат вклучени покрај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија и Министерството за финансии и сите други релевантни фактори претставници од земјоделски здруженија, тутунско стопанство, експерти од оваа област и други фактори. И преку користење на компаративно законодавство особено од нашите соседни земји кои што добро го имаат регулирано овој закон и оваа област, а тоа се Србија и Црна Гора, Хрватска, Бугарија, Грција и други земји се со цел да се дојде до најдоброто решение.

Во таа насока неспорно е дека е потребна економска поддршка за оваа земјоделска култура низ системски мерки донесени врз основа на добро организирана долгорочна државна стратегија.

Премиите заради стимулирање на производството на висококвалитетен тутун се применуваат во сите соседни земји и во ниедна од нив премијата не е помала од 40 денари по килограм тутун. Истото се однесува и за државите членки на ЕУ каде продолжија да важат односно да се исплаќаат премии и во наредните неколку години. Затоа мора да се укаже на тоа дека државата сепак ќе мора, барем во наредните некоку години, да биде инволвирана во оваа значајна стратешка земјоделска култура, пред се, заради развој и поддршка не само во процесот на производството и откупот, туку и во обработката и прометот на тутун кој е особено важен каде преку акцизите има големи приходи за нашата земја.

Во однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, кој е поднесен од страна на г-динот Караџоски ќе го изнесам своето мислење за повеќето членови од овој предлог.

Во членот 1 измената се однесува на дополнување на зборовите “сместување на суров тутун”, ако го погледнеме ова дополнување, Предлогот за донесување на закон кој ние го донесовме на 3 ноември 2003 година, а беше предложен од

Владата, веќе го има, значи г-динот Караџоски не го ставил како што се обраќаше во својата дискусија, туку го има препишано од предлогот кој ние во прва фаза го имаме доставено, а е предлог од Владата на Република Македонија.

Понатаму, во членот 2 е предвидено Владата на Република Македонија да определува заштитна цена на тутунот и овде сакам да кажам дека заштитната цена на тутунот Владата на Република Македонија може да ја определува и без тоа да биде регулирано во Законот. Тоа не е некое најдобро решение.

Со донесување на еден системски закон во кој се предвидува, како што е предвидено во сите наши соседни земји преку формирање на Агенција или фонд за тутун се регулира оваа материја со исплата на премии, односно дека е многу подобро решение во оваа насока, предвидена исплата на премија по килограм тутун откоку заштитна цена. Од друга страна со исплата на премии по килограм тутун дополнително се стимулира производството на квалитетен тутун, што ќе овозможи поголем извоз и поголем девизен прилив за нашата држава. Тоа со заштитна цена не се постигнува, бидејќи со определување само со заштитна цена на тутунот нема да се добие потребниот пазарен амбиент меѓу тутунопроизводителите и откупувачите односно откупните претпријатија и нема да има доволна стимулација за производство на квалитетен тутун, бидејќи оние кои нема да произведат квалитетен тутун ќе знаат дека државата ќе им надомести до висината на заштитната цена, додека со исплата на премии по килограм тутун тие што имаат произведено квалитетен тутун ќе добијат повисока откупна цена и соодветна премија која ќе биде предвидена. Тоа значи дека решението кое навистина и е потребно на Република Македонија и на тутунопроизводителите е донесување на нов системски закон во кој ќе се регулира таа материја и ќе се придонесе во однос на решение кое ќе налага исплата на премија по килограм тутун, додека овде суштински не е важно одредувањето на заштитната цена.

Овде можеме да полемизираме со г-динот Караџоски.

Понатаму, во наредниот член 3 од овј предлог измената се однесува на тоа дека Владата на Република Македонија по пат на субвенции и други заштитни фискални мерки го поттикнува производството на тутун во регионите и реоните во кои постојат природни услови за производство на тутун.

По оваа измена поднесена од страна на г-динот Караџоски може слободно да се каже дека во постојниот закон ова прашање е подобро решено. Едноставо стои дека Владата на Република Македонија го поттикнува производството на тутун итн. Сега, со оваа измена од г-динот Караџоски го стеснува просторот на дејствување на

Владата односно му налага само по пат на субвенции и други заштитни фискални мерки, овде не се предвидени зелени мерки или други системски мерки, туку само со овие да го поттикне производството.

Друго е прашањето што Владата на Република Македонија и во овој состав и во изминатиот доволно го поттикна производството, меѓутоа со оваа измена не се нуди подобро решение, туку постојното решение со постојниот закон е подобро.

Наредниот член 4 е буквално препишан од Предлогот за донесување на закон за тутун предложен од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и од Владата кој ние го донесовме на 3 ноември 2003 година. Тој го немаше доставено во октомври 2003 година, сега е преземен или препишан, слободно може да се каже, во измените кои се усвоени во прва фаза и кои сигурно ќе ги имаме во конечната верзија.

Членот 5 исто се однесува на заштитната цена, по ова го искажав своето мислење.

Понатаму, членот 6 исто така од А до Ш е преземен од Предлогот за донесување на закон кој го усвоивме и кој е донесен и кој ќе биде вметнат, бидејќи е директива од ЕУ, и СТО, а кој се однесува на тоа дека откуп на тутун може да врши странско правно лице и ова не е предлогот што го ставил г-динот Караџоски како што рече самиот, туку е предлог од Владата усвоен од ова Собрание во прва фаза.

Наредниот член 7 исто така буквално е препишан од првата фаза што ние ја имаме усвоено предложено од Владата и матичното Министерство.

Членот 9 нема да коментирам, бидејќи имаме амандмани, тоа е коректно затоа што не беше усогласен ниту со СТО ниту со ЕУ ниту со Законот за стокови резерви, тој е повлечен и тоа е коректно, бидејќи беше укажано од матичната Комисија до г-динот Караџоски да биде повлечен и тоа е коректно од негова страна.

До крајот на овој предлог, сакам да кажам дека измените што се предлагаат во членовите 14, 15, и 16 се препишани односно веќе се содржани во Предлогот за донесување на закон, тоа го повторувам, но така е, донесен е овој закон и овие членови се земаат од првата фаза и се внесуват овде како дополнување на Законот кој во октомври минатата година беше доставен од г-динот Караџоски.

Од сите изнесени забелешки очигледно е дека од вкупно 16 члена кои се предвидени во овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун поднесен од г-динот Жарко Караџоски дури половина членови се препишани од друг предлагач, од Владата на Република Македонија и кои се усвоени во прва фаза, а три члена се однесуваат за определување на заштитна

цена за која го кажав сопственото мислење може да ја предлага Владата без да биде регулирано во закон, може и да биде вметната во закон, меѓутоа, во системски закон кој ќе гарантира исплата на премии. Тоа е решение кое сите земји кои имаат производство на тутун го имаат вметнато во своите закони за тутун.

Сето ова кажано може слободно да се констатира дека нерационалноста, непрактичноста, необјективноста и избрзаноста овој предлог доставен од г-динот Караџоски јасно укажува на тоа дека тој нема вистинска желба да им помогне на тутунопроизводителите, туку напротив неговата цел е да се обиде да манипулира со граѓаните за политички цели не водејќи сметка за социјалната, економската зависност на тутунопроизводителите од сосптвеното производство и потребата од донесување на еден добар системски закон.

Затоа е најдобро и најкоректно г-динот Караџоски да го повлече својот предлог, како што впрочем му беше укажано од повеќе членови на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија и во наредниот период кога ќе биде подготвен и доставен новиот предлог на закон за тутун од страна на Владата на Република Македонија активно да се вклучи и да учествува во насока на донесување на закон за тутун кој мора да биде усогласен со регулативите и директивите на СТО и ЕУ, а во исто време да биде закон кој ќе обезбеди услови за непречен развој и поддршка на тутунското производство, односно треба да донесеме закон кој ќе обезбеди задоволителен приход на тутунопроизводителите како би продолжиле и би го зголемиле производството на тутун посебно во регионите и реоните во кои постојат природни услови за тоа. Сето тоа ќе се оствари доколку донесеме нов системски закон кој ќе ги регулира сите права и односи не само помеѓу тутунопроизводителите и откупувачите, туку и државата вклучена во тоа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски три минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Колега, навистина кога ве слушам, не можам да ве разберам ни јас, а верувам и друг.

Главната забелешка што ја искажавте кажавте дека сум препишал половина од членовите од она што Владата веќе го предложила, а ние сме го изгласале во првата фаза. Тоа ќе бидело вградено во наредниот закон кој Владата ќе го предложела, а некои други одредби за кои искажавте и позитивно и негативно во

целина, значи и држат и не држат место. Ме критикувате дека јас манипулирам и дека ми е целта да манипулирам со тутунопроизводителите, а заборавате дека од една стрна велите дека сум ги препишал членовите од Владата, а јас манипулирам.

Сега, или јас манипулирам, или Владаа манипулира, изгледа колега нешто не ви е јасно.

Она што јас сметам конкретено, тоа што сметав дека е позитивно тоа е предлог кој Владата го поднесе јас го вкалкулирав во мојот закон можеби една од целите беше да ве стимулирам вас од парламентарното мнозинство да го поддржите, а испадна дека сопствената Влада ја критикувате затоа што Жарко Караџоски го предлага, а кога Владата ќе предложи вие ќе го подржите затоа што се добри решенијата. Така ве разбирам не само јас.

Според тоа сами кажавте во излагањето дека Владата предложи, а ние изгласавме закон. Изгласавме колега потреба од донесување на закон. Закон нема. Сеуште стариот е на сила. Јас предлагам Предлог за донесување на закон со предлог на закон. Значи доколку биде изгласан овој ќе стапи на сила. Тука има разлика. Тоа е едната работа.

Она што на матичната комисија ми го сугериравте еве јас го повлеков и не ја гледам причината затоа што таму дискусијата беше ислучиво во делот на тој член како еден од проблемите. Еве, го прифатив, го повлеков, значи тоа не било проблем, проблем е што треба една година откако тој закон сме го изгласале во прва фаза да чекаме Владата можеби уште две години, а до тогаш може и мандатот да и помине или сега по референдумот ако си поднесе оставка премиерот, до кога да чекаме колега?

Во што е проблемот? Јас понудив нешто, а вие бидејќи сте стручњак во оваа област понудете амандмани, јас и на Комисијата ви кажав, а и сега, ако имате подобри решенија, дајте да ги направиме, меѓутоа, вие очигледно размислувате во правец само она што Владата ќе го каже. Значи не се трудите ни со амандман да реагирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ѓорѓиев една минута.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

За жал г-дине Караџоски не сте објективен, не рековте ниту една работа во која се произнесов против вашиот предлог дека тоа не е така и не држи за тоа, тоа и тоа. Тоа епрво.

Второ, има во стенограмот 10 пати реков дека е тоа Предлог за донесување на закон, а сега вие кажувате да, тоа е само потреба. Да, потреба е, Предлог за донесување на закон за тутун е исто како утврдена потреба за донесување на закон. Тоа го реков, но како да не сте го слушнале.

Понатаму, во што е проблемот? Трет пат ќе кажам. Проблемот е во тоа што Комисијата заедно со членовите и од ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА гласаше за враќање на овој закон, па нека поминат и некоку месеци да добиеме системски закон за тутун и вас ве повикуваме да се вклучите.

Вие како предлагач во октомври 2003 година не ја удостоивте Комисијата за земјоделие и не дојдовте да го образложите предлогот. Тоа значи дека не ви е важно за законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Манев имате збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

По однос на Предлогот за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за тутун со Предлог на закон, поднесен од група пратеници го поддржувам во целина.

Сметам дека со самиот предлог амандманите кои се дадени во Законот на одредени членови од постојниот закон се квалитетни и го подобруваат самиот текст на законот кој е донесен во 1996 година и дополнет 1998 година.

Мора да сватиме дека во Република Македонија голем број на граѓани егзистираат од тутунското производство и на таквите граѓани им треба гаранција и заштита од државата. Не можат да бидат оставени на милост и немилост само со откупните претпријатија кои се занимаваат со откуп на тутун, а кои претпријатија денеска се во целост АД и истите државата не ги контролира во голема мера.

Тоа што некои пратеници зборуваа дека Владата подготвува системски закон со тоа ништо не се оспорува со овој предлог на закон. Системскиот закон кој го подготвува Владата веројатно ќе се донесе наредната година, ако не го повлече уште еднаш, тоа ќе биде можеби по истекот на манатот затоа што овој закон кој се предлага сепак дава голема гаранција на тутунопроизводителите. Некој кажа дека тутунското производство во Република Македонија опаѓа. Која е замената за него? Што обезбедивме на оние граѓани кои се занимаваат со тутун да работат нешто друго? Тутунското производство дали е интересно за Република Македонија или не? Сите кажавме дека Република Македонија од тутунското производство има 80

милиони долари чисто од  извоз за кое не е даден ниту еден долар, не е увезен репроматеријал, па да се продаде назад. Ова е чист прилив на девизи и затоа сметам дека предлогот на законот кој е даден од колегата Караџоски и другите пратеници покрај него треба да се гласа и да го изгласаме со кое што ќе создадеме обврска на Владата да го забрза нивниот предлог. Среќа е ако даде уште подобри решенија за тутунопроизводителите. Нам и те како ни е потребно да го штитиме земјоделието со добри законски проекти, за што сметам дека наскоро ќе дојдат слични амандмани и за Законот за вино кој не регулира ништо во ова гранка.

Од тие причини јас го поддржувам и ќе гласам за законот што е предложен од предлагачите.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-дине Манев.

Повелете г-дине Асани, а нека се подготви пратенкот Исмет Рамадани.

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам, г-дине претседател,

Бидејќи доаѓам како пратеник од кумановската зона односно од општина Липково каде се врши производство на тутун. Кога го велам ова, бидејќи и самиот сум бил производител на тутун многу години заедно со моето семејство знам дека општина Липково зазема второ место во Македонија во производство на тутун.

Кога го велам ова велам дека во Македонија постојат добри климатски услови и плодно земјиште за производство на тутун кој ќе биде квалитетен, можеби и поквалитетен од Јужна Европа.

Се знае дека со производството на тутун се бави голем број од населението во Македониј над 200 иљјади жители чие и егзистирање е токму производтсвото на тутун или над 10% од граѓаните на Македонија се производители на тутун.

Вистина е дека во последно време има голем пад на производството на тутунот од причини што има голема незаинтересираност од страна на Владата и не плаќање на тутунот кој го откупува Владата. Како што рече г-динот Хисни Шаќири во општина Липково иако реколтата од 2002 и 2003 година се приоизведе големо количество на тутун, таму се собраа 220 тони сув тутун и од Министерството за земјоделие на оваа Влада се гарантираше дека во текот на 2-3 месеци ќе се изврши наплата на тутунот. Иако тутунот се собра од граѓаните на општина Липково, Скопје, Врапчиште, тој тутун и ден денес е во подрумите во Монополот во Куманово.

Го поддржувам овој закон од причина што само со овој закон можеме да им гарантираме на земјоделците односно на производителите на тутун да продолжат да произведуваат тутун во тие места каде не можат да се произведуваат други производи.

Меѓутоа оваа Влада тутунот од реколтата 2002-2003 година го откупи во сите други места во Македонија, Прилеп и другите општини, го исплати тутунот, само тутунот што е собран од албанците до ден денес не е платен. Не се работи за голема сума на пари, се работи за износ од 111 милиони денари или околу 180 илјади евра.

Ќе го подржам овој закон затоа што има квалитет и перспектива за производството на тутунот. И порано имаше закони, можеби и тие не беа толку лоши, меѓутоа сепак не гарантираа да се изврши исплата на тутунот. И оваа Влада во кампањата во 2002 година рековте дека ќе го развиете земјоделството и ќе помагате на земјоделците, бидејќи за Македонија се знае дека нема развиена индустрија, меѓутоа за земјоделство има можности, а досега ниеден закон за земјоделството не е донесен. Затоа јас ќе го подржам законот за тутун кој е предложен од пратениците на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, без оглед што мисли Владата, затоа што ако ја чекаме Владата ќе помине многу време и овој закон за тутун нема да биде донесен.

(на седницата продолжи да претседава потпретседателот Лилјана Поповска)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател, почитувани колеги,

Ние денес имаме можност да дискутираме за еден предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, кој закон според тоа што го гледав и врз основа на досегашните дискусии постои заинтересираност да се подржи овој закон независно од партиската определба или на некоја парламентарна група со самиот факт дека сакаме да му дадеме големо значење што ја заслужува оваа проблематика. Пред малку и колегата Хисни Шакири, иако со емоции, јас сосема го разбирам бидејќи доаѓа од подрачје каде има долга традиција тутунопроизводството, тогаш со право сите осубјекти и сета негова определба за да се подржи овој закон за тутунот треба да го разбереме така како што треба. Ние треба да бидеме свесни дека во овој случај имаме предлог од еден пратеник од опозицијата, со кој можеби за многу прашања не се согласуваме, но во овој случај

имаме еден проблем за кој говориме и се согласуваме. Добро е што е вака, бидејќи се однесува , и покрај се друго за тоа што значи егзистенција. Како што се потврдува и како што се говори врз основа на податоци сигурно утврдени и верифицирани, со тутунопроизводство се занимаваат околу 200 илјади граѓани на Република Македонија. Ова значи дека тутунот и понатаму го има стратешкото место на развојот од земјоделски аспект во Македонија.

Овде се различни нашите размислувања со фактот дека има колеги кои мислат дека треба да го почекаме предлогот од Владата. Ние имавме еден предлог од Владата и сите забелешки и наши предлози ги укажавме во тоа време, пред неколку месеци кога говоревме за тој предлог на закон, но еве чекаме да дојде законот и да се реши многу чувствителниот проблем и многу значаен за тутунопроизводителите.

Овој факт и во принцип треба да се подржи еден ваков предлог. Дефитивно да влијаеме во динамиката на донесувањето и предлагањето на законите од страна на Владата, бидејќи има доста работи кои навистина не можат да чекаат, но има и работи за кои треба да кажеме дека се доста значајни за егзистенција на нашите граѓани.

Измените кои овде се предлагаат од пратеникот Караџоски јас мислам дека треба да бидат прифатени со самиот факт дека овде се бара од Владата да даде заштитна цена на тутунот и тоа во годината кога тој се произведува и откупува. Зошто мислам дека треба така да биде?

Во однос на субвенциите за тутунопроизводителите кои се предвидуваат кога се склучуваат договори со правни лица за откуп на тутунот се случува во текот на годината истото претпријатие да оди во стечај, па тогаш да интервенира Владата преку Бирото за стокови резерви со цел да се заштити интересот на тутунопроизведителот.

Понатаму исто така прифатливо решение и многу добро решение е покрај правното лице од земјава кое има право да го откупи тутунот врз основа на договор да се даде можност и на правно лице однадвор. Значи странски правни лица да можат да навлезат и на тутунскиот пазар во Република Македонија. Значи на еден начин да им се даде можност на тутунопроизводителите да изнајдат најдобар начин да го пласираат тој производ кој со многу труд, со многу пот, кој обработува тутун знае колку е тешко да се одледува тутунот и колку е мачна работа да се занимаваат со тутунопроизводство.

Кога ќе ги имаме овие работи во предвид јас мислам дека треба да ја отстраниме дилемата и тие кои ја подржуваат варијантата да се чека предлогот на Владата, ништо не е на одмет доколку ние денеска изгласаме еден ваков предлог не го земаме правото на Владата после таа да предложи еден закон за изменување и дополнување, можеби со подобри варијанти од овие, дај боже да биде така, но ние треба да имаме предвид еден факт, интересот на граѓаните за кои велиме денеска дека се бројка од 200 илјади граѓани. На крајот на криштата Македонија треба да биде и во меѓународната арена призната и позната со неколку производи, како што била призната и порано. Значи, да се препознаеме, да се препознаваме со производство на добар квалитет на тутун. Доколку ги отстраниме дилемите и предрасудите не, не стеснува партискиот чаршав, партиското обележје мислам дека би направиле добро во овој момент да дадеме законска можност на граѓаните, на тутунопроизводителите да имаат услови, да се мотивираат уште повеќе за тутунопроизводство и тоа да дојде на реколтите што сме ги имале во минатите години, бидејќи и покрај се ова е добро и за самата држава и за тие кои се занимаваат со тутунопроизводство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусии.

Има збор г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател на Собранието.

Сигурно дека е малку чудно што јас од Струга говорам за тутунот, меѓутоа да се разбереме. На крајот на краиштата ние токму на оваа седница усвоивме и ребаланс на буџетот на државата, а таму децидно констатира Владата дека има пад на индустриското производство на земјата. Неопходно и сигурно ќе има пад на индустриското производство доколку ни се повторува како и во други областиво земјоделството и овој закон со кој мислам дека предлагачот е обврзан да поднесе предлог. За жал Владата изразува едно невнимание кое што е неоправдано и негрижа. Јас мислам дека прашањето на тутунот Македонија треба да го регулира на системски начин. Не мислам дека треба да имаме широки расправи, и јас нема држам широка расправа посебно во духот на тоа што нагласи и претходниот колега од мнозинството, меѓутоа состојбата со тутунот во Македонија секоја година се повеќе се отежнува.

Прво, од причина што Владата има кренато раце од субвенционирањето и на овој начин еден голем дел на населението го остави без грижа, без водење сметка

на тоа население, затоа што тутунот за источниот дел, опфаќајќи тука и еден дел на општина Долнени, опфаќајќи ја тука и Житоша, Дебриште, Црнилиште на кои им е основен извор на егзистенција и опстојувања.

Јас мислам дека основните параметри кои има закнот што се предлага, а кои се во однос посебно на гарантирањето на цената и откупот на тутунот треба да бидат основна мотивација ние овој закон да го подржиме. Затоа и јас како и партијата која што ја застапувам и ја претставувам треба и ќе дадеме подршка на овој предлог на закон.

Нажалост морам да констатирам дека на крајот на краиштата на оваа седница треба да бидат и претставниците на Владата односно на соодветното министерство бидејќи од ова што ние денес го дискутираме и што го нагалсивме мислам дека може да донесат заклучоци.

На крајот на краиштата ниту ММФ ниту меѓународните институции не се против субвенционирањето на производите кои што се стратешки за земјата, како што е тутунот за Македонија. Во овој случај мислам дека доколку Парламентот не се определи да го усвои овој закон тогаш во духот на ваквиот закон да се обврзи Владата во што пократок временски период да ни поднесе предлог на закон кој ќе биде соодветен за тутунот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор  г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Јас морам да искажам едно задоволство од заинтересираноста на пратениците за оваа проблематика, меѓутоа да искажам и едно незадоволство од незаинтересираноста на Владата за оваа проблематика, затоа што ветувањата од типот ќе се донесе закон со кој што ќе се регулираат состојбите во областа на откупот на тутунот и воопшто состојбите во оваа област не значат ништо за тутунопроизводителите доколку таков закон не е донесен и почне да се применува.

Личната намера која што ја искажа Владата со предлог за донесување на закон за тутун пред ова Собрание се покажа само како една намера и ништо повеќе, затоа што ние немаме закон за тутун кој што, за што се слушна и во дискусиите на дел од пратениците, би претставувал системски закон кој што долгорочно, квалитетно и согласно сите законски прописи во Република Македонија ќе ги реши прашањата кои се однесуваат на регулирање на производството, откупот и преработката на тутунот.

Зошто оваа област сеуште е оставена нерегулирана јас не би можел да го протолкувам на никаков начин освен како една негрижа за сите податоци или бројки кои беа искажани до сега. Тие бројки не се само бројки, тие се и човечки судбини, затоа што 8 илјади вработени во тутунската индустрија се судбина на 8 илјади семејства вработени во оваа индустрија, затоа што 40 илјади семејства кои што се занимаваат во Република Македонија со производсво на тутун не е проста бројка, туку е судбина на 40 илјади членви на тие семејства, а ако секое семејство има 4 до 5 члена зборуваме за бројка од колу 200 илјади жители граѓани на Република Македонија независно од етничка, верска или било каква друга припадност, меѓутоа, сите тие имаат едно заедничко, а тоа е нивнаа сиромаштија и нивната принуденост да се занимаваат со производство на тутун во вакви околности, затоа што немаат граници за цената што треба да им се плати од страна на откупувачите, немаат граници ниту поддршка дека ќе добијат некакви субвенции од страна на Владата на државата немаат никаква поддршка во смисла на оние проблеми што ги имаат со набавката на нафта за возилата кои што ги употребуваат и за опремата за садењето, производстворто на тутун. Немаат никаква кредитна поддршка која што ќе значи поволни услови за добивање на кредити и долгорочно планирање на тутунопроизводството немаат поддршка апсолутно за ништо. Напротив имаат негативни импликации најпрво со зголемувањето на данокот на ДДВ пред година ипол со тоа што со покажувањето на ДДВ од 5 на 18% сите знаеме дека се зголемија и цените на апаратите за заштита на тутунот, како и на останатие земјоделски култури и на вештачките ѓубрива и на друите препарати кои што се користат во оваа област,.

Значи, немаме поддршка меѓутоа имаме негативно влијание со мерките кои што ги презема Владата. Фактот што земјоделието претставува една од основните гранки во Република Македонија не претставува доволен мотив за Владата да се ангажира за регулирање на состојбите во оваа област и затоа имаме предлог од пратеник кој што сака да ја поттикне Владата да почне да размислува во овој правец, меѓутоа и да го поттикне парламентарното мнозинство да даде поддршка барем на некои решенија кои што ќе значат некаква, каква таква гаранција за тутунопроизводителие.

Основнаа работа која што треба да се постигне фактички со овој закон јас мислам дека не претставува нарушување на процесот, на пристапот за либерализација на економијата во Република Македонија односно за можноста тутунските производи да се откупуваат и од странски и од домашни субјекти, туку

напротив преставуваат еден обид да се организира ова производство и на тој начин да се избегне стихијноста, неорганизираноста и сите оние импликации кои што овие состојби можат да ги имаат врз тутунопроизводители.

Состојбата со откупните комбинати, исто така има директно влијание во областа на производството, обработката и пласманот на тутунот, затоа што свесни сме дека приватизационите постапки, во овие тутунски комбинати сеуште не се завршени, дека тие се доста кредитно задолжени, дека нема една визија, на кој начин ќе се реши ова прашање, мислам на долгорочен, стабилен откуп на тутунот, како и во однос на неговата преработка понатаму и пласманот во вид на цигари.

Значи, состојбата во која што се наоѓаат тутунските комбинати, односно откупните комбинати директно значи немање на финансиски средства и сигурност за исплата на тој тутун, што доведува овие комбинати да се занимаваат со лон работа, односно да вршат откуп на тутунот за сметка на други комбинати, заради тоа што овие комбинати кои што ги имаат тие пари, немаат доволно стручен кадар, немаат доволно капацитети за откуп на тутунот, или опрема со која што ќе можат да ги реализираат сите овие активности што се насочени за производството, откупот и преработката на тутунот.

Во однос на гарантираната цена, која што се предлага со овој закон, тоа апсолутно не значи државен интервенционизам, затоа што гарантираната, или заштитната цена може да се дефинира, да се определи на начин со кој што ќе бидат почитувани економските критериуми кон нејзиното формирање.

Меѓутоа, економските критериуми кои што значат калкулација за трошоците за производство на килограм тутун, трошоците кои што се однесуваат на превоз, на вештачки ѓубрива, на расад, на сите оние трошоци кои што се појавуваат за производство на тутунот, како и, имајќи предвид вредноста на трудот каде што во случајот со тутунопроизводството, не се однесува само на еден или на два члена од едно семејство, туку, сите знаеме од најмалиот до најголемиот член, секое семејство кое што се занимава со тутунопроизводство, се ангажирани во производството на тутун и трудот кој што се вложува за производство на тутун не е подеднакво мерлив поединечно, како што е тоа случај со другите индустриски производи. Затоа, ангажирањето на цело семејство во производството на тутун значи еден факт кој што постои во Република Македонија а тоа е дека голем дел на семејства, навистина се наоѓаат во тешка егзистенционална состојба, заради тоа што само тие се мотивите, кои што ги принудуваат да садат тутун, да ги бработуваат нивите и на тој начин да доаѓаат до средства кои што на друг начин не можат да дојдат, затоа

што можностите за вработување ги немаат. Немаат можности да се занимаваат и со некаков приватен бизнис, затоа што немаат кредитна или друг вид на поддршка од страна на државата, нема кредити кои што се однесуваат за поддршка на земјоделието во целина, вклучувајќи го тука и тутунопроизводството. Сеуште начинот на обработка на тутунот, не е со ништо поместен од начинот на обработка во годините station наназад, што значи дека оваа состојба дефинитивно претставува една од црните точки на македонското земјоделие, кое што за жал, Владата до денеска не ја регулира со посебен закон. Затоа, барањето за постоењето на гарантирана цена на тутунот, кој што уште еднаш ќе повторам, нема ние тука да го направиме со овој закон, меѓутоа, тоа ќе биде направено со одлука на Владата. Единствено значи обврска на Владата тоа да се регулира на соодветен начин. Исто така, правилата кои се однесуваат на самиот начин на вршење на откупот, како што е времетраењето на откупот, обврските за исплата на цената на тутунот, односно исполнувањето на договорните обврски, кои што ги превзема откупувачот, истовремено почитувајќи ги тие договорни обврски од страна на производителот на тутун, значат исто така и се многу битен фактор за нормалното функционирање на откупот на тутунот и планирањето сортите кои што треба да се откупуваат, како и немањето на санкции за непочитување на овие одредби. Исто така, претставува еден оневозможувачки фактор за нормално извршување на откупот на тутунот и сигурност на производителите во однос на трудот кој што го вложиле, во однос на оној производ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски сакам да ви напомнам дека ќе работиме до 16 часот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Значи прашањето е по кој закон сега се работи? Сеуште се работи по Закон од 1996 година, со измени кои се донесени 1998 година, значи закон од минатиот век и буквално, овој закон, односно почитувањето на овој закон сите знаеме дека со овој закон тутунот е дефиниран како добро од општ интерес, дека има посебна заштита која се однесува и на откуп за стоковите резерви и т.н. Се дерогира со Законот за стокови резерви кој што го донесе овој Парламент, дерогиран е со многу одредби од други закони кои што ги има донесено овој Парламент, а кои што ги има предложено Владата. Апсолутно кажува само едно дека Владата не го носи законот за тутун, затоа што тој закон ќе значи целосно и дефинитивно решавање на проблемите околу тутунопроизводството, преработката на тутунот и функционирањето на откупните претпријатија и на тој начин ќе се реши ова прашање со изградба на една

состојба на сигурност за тутунските производители и тутунските откупувачи. Тогаш Владата нема да има простор за манипулации во оваа област.

Затоа сметам дека оваа состојба не може да се толерира, дека одговорноста за оваа состојба треба некој да ја сноси. Јас се согласувам и со пратеници од позицијата, кои што излегоа на оваа говорница и побараа да се има одговорност за оваа состојба, меѓутоа, одговорноста барем до сега, никогаш не се лоцирала. Одговорноста господа пратеници е во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради тоа што тој е овластен предлагач на овој закон и непостоењето на одредби во оваа област, единствено значи одговорност за оној кој што тоа не го предложил како овластен предлагач во ова Собрание.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

Господине Мавровски имате ли потреба да дискутирате или да ја затвориме расправата.

Тогаш да ја затвориме расправата и да пристапиме кон гласање.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и молам пратениците да влезат во салата.о салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутунот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 15 гласале за, нема воздржан, 43 гласале против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Почитувани пратеници бидејќи имаме дефект во мрежата за вентилација, ќе продолжиме во вторник, за да дадеме простор да се отстрани дефектот.

Значи продолжуваме во вторник во 10 часот.

(Седницата прекина со работа  во 16,00 часот).